# ПРОЦЕНА НА РУСКОТО ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ ВО ЗАПАДНИОТ БАЛКАН

## Ризици од корупција и заробувањее на државата

CENTER FOR
THE STUDY OF
DEMOCRACY

# ПРОЦЕНА НА РУСКОТО ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ ВО ЗАПАДНИОТ БАЛКАН

## Ризици од корупција и заробувањее на државата

CENTER FOR
THE STUDY OF
DEMOCRACY

Во текот на последната деценија Западниот Балкан стана еден од регионите, во кој Русија се обидува интензивно (повторно) да го засили своето присуство. За подобро да се објасни ефектот од интеракцијата помеѓу постоечките дефицити во управувањето и тековите на капиталот кон регионот од земји со авторитарен режим, Центарот за изучување на демократијата направи проценка на руското економско влијание во Србија, Црна Гора, Македонија и Босна и Херциговина. Иако во апсолутна вредност, руските инвестици се пораснти за повеќе од 3 милијарди евра, економското влијание на Русија како дел од економијата на Западен Балкан останува непроменет или/и дури и се намалува, особено по наметнувањето на меѓународните санкции заради анексирањето на Крим. Тоа што рускиот бизнис е сконцентриран во малку на број стратегиски сектори како финансии, енергетика, металургија и недвижности, четирите мали и енергетски зависни земји, кои се предмет на оваа анализа, остануваат ранливи на рускиот притисок. Зависноста од рускиот увоз во комбинација со експанзијата на рускиот капитал во регионот, ги направи владите на земјите од Западен Балкан, подложни на притисок по стратешки прашања, поврзани не само со диверзификација и либерализацијата на егергетскиот пазар, но и со санкциите против Русија, како и со проширувањето на НАТО и ЕУ.

Поради сложениот и деликатен карактер на оваа регионална процена, во нејзината подготовка беше ангажиран голем тим од експерти. Некои од нив посакаа да останат анонимни и покрај што нивниот придонес е не помалку ценет. Центарот за изучување на демократијата – Софија, ја искажува својата благодарност на Центарот за меѓународно приватно претприемништво и посебно на неговите вработени г-н Марк Шлајфер (Mark Schleifer), д-р Мартина Хрволова (Martina Hrvolova), г-н Конр Лијиќ (Connor Leach), г-н Макс Шерцер (Max Scherzer) и г-ѓа Каролин Елкин (Caroline Elkin), без чиј придонес не би можело да се постигне оваа конзистентност и продлабоченост на текстот. Центарот би сакал да им се заблагодари на д-р Димитар Бечев, истражувач во Центарот за словенски, евроазиски и источно-европски истражувања на Универзитетот во Северна Каролина, Чапл Хил и на Илија Заславски, експерт по научни прашања кон Фондација „Слободна Русија" и член кореспондент кон институтот „Чатм хаус", за нивните вредни коментари. Семинарите во Скопје, Белград, Сараево и Подгорица, проведени во јануари 2018 г., како и консултациите со повеќе сегашни и поранешни официјални лица од регионот, обезбедија важни информации за нашата анализа и препораки по однос на политиката. И не на последно место, не би можело да се постигне сеопфатност на податоците за фирмите и да се проследат економските показатели без собирање и обработка на податоците, направено од тимот на Економската програма на Центарот за изучување на демократијата – Софија, со учеството на г-н Тодор Галев, г-ѓа Даниела Минева, г-ѓа Софија Пеџ и г-ѓа Јанита Недева.

Авторски тим:
**Мартин Владимиров** – истражувач, Економска програма –
Центар за изучување на демократијата
**(Milica Kovačević) Милица Ковачевиќ** – Претседател, Центар за демократска транзиција
**(Marija Mirjacic) Марија Маријачиќ** – истражувачки новинар
**(Dr. Igor Novakovic) Д-р Игор Новаковиќ** – Директор, Програма за научни истражувања – Центар за меѓународни односи и безбедносни прашања
**(Nemanja Todorović Štiplija), Немања Тодоровиќ Штиплија** –
главен редактор, Европски Западен Балкан
**(Emina Nuredinoska), Емина Нурединоска** – Македонски центар
за меѓународна соработка, Македонија
**(Slagjana Dimiškova), Слаѓана Димишкова** – истражувачки новинар

Редакција:
**Д-р Огњан Шентов** – Претседател, Центар за изучување на демократијата
**Руслан Стефанов** – Директор, Економска програма, Центар за изучувањена демократијата
**Д-р Марија Јорданова** – Директор, Правна програма, Центар за изучување на демократијата

*This publication is supported by a grant from the Center for International Private Enterprise (CIPE) in Washington D.C. The document does not reflect CIPE's opinions or any employee thereof. CIPE is not responsible for the accuracy of any of the information included.*

**ISBN: 978-954-477-337-3**
**© 2018, Центар за истражување на демократијата**
**Сите права се заштитени.**
Софија 1113, ул. „Александар Жендов" № 5
тел.: (+359 2) 971 3000, факс: (+359 2) 971 2233
www.csd.bg, csd@online.bg

# СОДРЖИНА

**Вовед** .......... 7

**Методолошки забелешки** .......... 9

**Недостатоците во управување се намалени, но не се надминати** .......... 11

**Економското влијание на Русија: големина и значење** .......... 13

**Ранливи сектори** .......... 23

Енергетика .......... 23

Засилување на руското присуство во финансискиот сектор .......... 42

Рударство и металургија .......... 49

Недвижнини, туризам и спорт .......... 53

**Политички фактори, кои го зајакнуваат руското економско влијание** .......... 59

**Препораки по однос на политиката** .......... 69

# СЛИКИ


Слика 1. Корупцискиот притисок во регионот на Западниот Балкан ........ 11
Слика 2. Оценка на ЕС за состојбата и напредокот во борбата со корупц. во регионот (2016) ........ 12
Слика 3. Постојни руски ДСИ како дел од БДП (%) ........ 14
Слика 4. Дел на руските приходи во вкупните приходи во економијата ........ 15
Слика 5. Извоз кон Русија како дел од БДП (%) ........ 16
Слика 6. Структура на корпоративното присуство на руски фирми во Србија ........ 18
Слика 7. Увоз на нафта и гас како дел од БДП (%) ........ 24
Слика 8. Хиерархиска структура на сопственоста на „Гаспром" во Србија ........ 29
Слика 9. Поголемата економска ранливост, која се крие зад случајот „Агрокор" ........ 46
Слика 10. Структура на долгот на „Агрокор" по извори – милиони евро и дел (%) ........ 47

# ВОВЕД

Во последната декада Русија интензивно се стреми да ја засили својата позиција како светски лидер и да се прикаже како алтернатива на евроатланскиот модел на либерална демократија и слободна пазарна економија. Западниот Балкан е еден од регионите, во кои Русија е најактивна во тој однос. Засега регионот повеќе или помалку го одржува својот курс кон интеграцијата во Европскиот сојуз (ЕС) и НАТО. Но руското влијание во регионот го прошири во внатрешен план просторот за политичките опортунисти, кои се обидуваат да ја избегнат примената на неопходните реформи, посебно оние, кои се поврзани со зацврстувањето на принципите на правната држава и ограничувањето на авторитарните тенденции. Како резултат на тоа се поткопува граѓанското општество, слабеат медиумите и тоа води до отстапување од демократските стандарди и забавување на економскиот растеж. И покрај тоа НАТО ја прими Црна Гора за член, а ЕС им предложи на земјите од регионот засилен политички ангажман преку т. н. Берлински процес, платформа за поблиска соработка помеѓу водечките земји во ЕС и земјите од Западниот Балкан, која има за цел да го забрза економскиот развој и промените во регионот и неговото интегрирање во ЕС. Во текот на 2018 г. ЕС предложи нова Стратегија за проширување, насочена кон обезбедување на јасен пат за Балканот за интеграција во Европа. Справувањето со нерешените управувачки дефицити во Западниот Балкан – недостатокот на владеење на правото и слабите демократски и пазарни институции – е посебно важно за обновувањето на демократските промени и за ограничување на негативните ефекти од т. нар. „корозивен капитал"[1] – средства, кои доаѓаат од недемократски држави како Русија, кои истовремено се користат од и дополнително ги засилуваат предизвиците пред овие новосоздадени демократии.

Средствата употребени од Русија, за да го рашири своето присуство во регионот, не се нови: политички притисок; мека сила, вклучувајќи културни, медиумски и религиозни кампањи; економски лостови – од контрола и стекнување на важни енергетски активи до финансирање на политички партии и медиуми. Овие средства се поткрепени со координирана политичка реторика од Кремљ, насочена како противдејство на евроатлантските вредности[2]. Семето на оваа реторика паѓа на плодородна почва во Западниот Балкан, каде климата на нестабилни институции за управување и законитост, системска и постоечка со години корупција во администрацијата

---

1 За поцелосно дефинирање види: Wilson, Andrew. (2018). „Надминување на управувачките дефицити за промовирање на одржливи економии на Балканот". CIPE Development Blog. 18 јануари 2018 г., последно реализиран достап на 25 јануари 2018 г. на адреса: [http://www.cipe.org/blog/2018/01/18/closing-governance-gaps-to-promote-resilient-economies-in-the-balkans/#.WmmFriOB3UY](http://www.cipe.org/blog/2018/01/18/closing-governance-gaps-to-promote-resilient-economies-in-the-balkans/#.WmmFriOB3UY)

2 За сеопфатна анализа на руската стратегиска логика во регионот види: Бечев, Димитар. (2017). „Конкурентна сила: Русија во Југоисточна Европа". Yale University Press, 3 октомври, 2017 г.

и на политичко ниво често води до освојување на политиката, регулаторните институции и дури на државата. Комбинацијата од слаби институции на правната држава и олигархиски тенденции со медиумска пропаганда и геополитички притисок од Русија (но и од други држави) дозволува многу од владите во Западниот Балкан да превземат политики, неспоиви со нивната национална сигурност или интересот за развој. Таа положба бара подобро разбирање и преоценка на политичките и економските фактори, кои го загрозуваат развојот на регионот сега и во иднина.

За да се разберат подобро, размерот, опфатот и ефектите од рускиот корозивен капитал во Западниот Балкан, во овој извештај се анализира економското влијание на Русија во периодот од 2005 до 2016 г. во четири држави од регионот: Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора и Србија. Се анализира како руското економско присуство може да доведе до создавање на нетранспарентни мрежи од економски и политички протекции во регионот, кои го подкопуваат економскиот и демократскиот развој и влијаат на донесувањето на решенија во критични области, поврзани со енергетиката и надворешната политика.[3]

[3] За слична продлабочена анализа на влијанието на Русија врз Централна и Источна Европа види. Конли, Х., Мина, Ј., Стефанов, Р., Владимиров, М. (2016). „Прирачникот на Кремаљ: руското влијание во Централна и Источна Европа". Центар за стратегиски и меѓународни истражувања, последно реализиран пристап на 25 јануари 2018 г. на адреса: http://www.csd.bg/artShow.php?id=17805

# МЕТОДОЛОШКИ ЗАБЕЛЕШКИ

Во овој извештај се истражува големината, динамиката и ефектите од руското економско влијание во Западниот Балканн и поспецијално во Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора и Србија. Се анализира дали Русија употребила или се обидела да го искористи корозивниот капитал во регионот. Се следи економското влијание на Русија во регионот после 2005 г. Економското влијание е разделен на три показатели:

- Корпоративно влијание, т.е. процентниот дел од прометот на контролирани фирми од руски лица (по крајниот ефективен сопственик) во целиот промет на фирмата за соодветна економија;
- Директни странски инвестиции, т.е. процентниот дел на руските ДСИ во БДП на земјата; и
- Двострана трговија, т.е. рускиот дел во проценти од општиот извоз и увоз на земјата (со фокус врз нафтата и гасот).

Анализата на корпоративното влијание опфаќа фирми со најмалку 10 проценти дел на руски краен ефективен сопственик и годишни приходи во големина на најмалку 250,000 евра (приближно 310,000 американски долари.). Во анализата се прави обид да се утврдат крајните ефективни сопственици, но некои од најголемите фирми, кои развиваат дејност во регионот, кои може во крајна сметка да се под контрола на руски сопственик, не се регистрирани како такви поради нетранспарентни структури на сопственост или присуство на друштва паравани. Потврдувањето на руска сопственост во некои од фирмите наложи спроведување на дополнителни детални испитувања. Освен големината на присуство на фирмата во некои фрапантни случаи истражувањето ја проучува и хиерархиската структура на сопственост на ќерќи фирми, за да ја оцени длабочината и опфатот на отпечатокот на тие фирми во локалната економија. Тоа го вклучва влијанието на најголемите од идентификуваните компании во структурата на конкретниот сектор, индиректното економско влијание на тие фирми преку нивното трговско и инвестициско партнерство со локалните ќерќи фирми, дистрибутори, доставувачи и извршители и пазарната концентрација.

Специјален акцент е поставен врз руските инвестиции во клучни сектори на домашната економија како енергетика, финансии, металургија, градежништво, транспорт и имоти. За да се оцени потенциалниот ефект на корозивниот капитал од такви инвестиции, во извештајот се истражува моделот на стекнување на контрола врз активите кои се клучни за месните економии, како тој модел ја променува структурата на пазарот и дали такви придобивки се предходени или следени од пазарна концентрација.

Освен презентирањето на динамиката на вкупниот трговски биланс, каде што е можно во анализата се следи економската експозиција кон

Русија по сектори, поспецијално во клучни области како енергетика, индустрија и т.н. Анализирани се трговските врски, за да се откријат трајните зависности во синџирот на додадена вредност, например кај нафтата и гасот, како и потенцијалниот ефект од прекинувањето на енергетските доставки. Специфично се одбележани ризиците пред енергетската сигурност и владеењето на правото за земјите од регионот во реализацијата на големите инфраструктурни проекти поддржани од Русија.

Констатациите од истражувањето се засноваат на: (1) јавно достапни податоци од националната статистика, трговските регистри и пазарот на акции; (2) детална информација, добиена преку мрежа од експерти во регионот и (3) продлабочено истражување на медиумските содржини во клучните економски сектори на дадената земја. Поради карактерот на определени аспекти од надворешното економско присуство се направени некои претпоставки и приближувања, кои се јасно потцртани во текстот.

# НЕДОСТАТОЦИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО СЕ НАМАЛЕНИ, НО НЕ СЕ НАДМИНАТИ

Државите од Западниот Балкан страдаат од високи нивоа на корупција, која во некои случаи довела до освојување на политиката, регулаторните институции и дури на државата. Како резултат на тоа, општествената доверба во политичарите, политичките назначувања и општествените институции се намалува, а тоа создава услови надворешните учесници да се обидуваат да влијаат на случувањата во регионот.[4]

**Слика 1. Корупциски притисок во регионот на Западен Балкан**




*Извор: SELDI (Иницијатива за развој и поштеност во Југоисточна Европа).*

И покрај што сите држави од Западниот Балкан регистрираат значајно намалување на корупцискиот притисок[5] со средно 15 процентни точки

---

[4] SELDI. (2014). „Борба со корупцијата: надополнување. Оценка на Југоисточна Европа". Центар за истражување на демократијата, 12 ноември 2014 г., последно реализиран достап на 25 јануари 2018 г. на адреса: http://seldi.net/publications/publications/anti-corruption-reloaded-assessment-of-southeast-europe/

[5] Корупцискиот притисок е показател од Системот за мониторинг на корупцијата, применуван од Центарот за истражување на демокрацијата. Тој означува уделот од граѓаните, од кои е побаран поткуп или учество во други форми на корупција. За повеќе информации кои се однесуваат на СМК, вж. SELDI. (2014). „Борба со корупцијата: надополнување. Оценка на корупцијата и борбата со корупцијата в Југоисточна Европа". Центар за истражување на демократијата, 12 ноември 2014 г., последно реализиран достап на 25 јануари 2018 г. на адреса: http://seldi.net/publications/publications/anti-corruption-reloaded-assessment-of-southeast-europe/

низ последните две десетилетија, нивоата остануваат повисоки од тие во ЕУ. Динамиката на овој показател во поединечните земји исто се менува. Србија и Црна Гора регистрираат вредности под средните за регионот, додека корупцискиот притисок во Македонија останува над нивниот. Низ последните две десетилетија нивоата на корупциски пристисок во Босна и Херцеговина се повисоки од средните за регионот.[6]

Во годишните извештаи изготвувани од ЕУ за напредокот во процесот на приближување на земјите од Западниот Балкан се идентификувани недостатоци во управувањето во регионот. Негативните реакции во регионот по однос на извештаите за напредок, во кои земјите од Западниот Балкан се категоризирани како такви со квалитет на управување малу над основното ниво, ги подтикнаа политичките елити да бараат можности за развој, кои не се поврзани со подобрување на управувањето. Како резултат на тоа алтернативите на европскиот модел за развој веќе се радуваат на поголемо внимание во целиот регион. Тие се стремат да го омаловажуваат и дури да го отфрлуваат позитивното влијание на ЕУ. Кремаљ, кој е сред апологетите на таквите алтернативи, ја насочува нивната дистрибуција преку своето засилено медиумско присуство во регионот.

**Слика 2. Оценка на ЕУ за состојбата и напредокот во борбата против корупцијата во регионот (2016)**

| **Област за известување** | **Спротивставување на корупцијата** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Држава** | **Црна Гора** | **Србија** | **Македонија** | **Босна и Херцеговина** |
| **Тековна состојба** | | | | |
| Рана фаза | | | | |
| Делумна подготвеност | ■ | ■ | ■ | ■ |
| Умерена подготвеност | | | | |
| Добра подготвеност | | | | |
| Значајна подготвеност | | | | |
| **Напредок** | | | | |
| Заостанување | | | ■ | |
| Никаков напредок | | ■ | | |
| Мал напредок | ■ | | | ■ |
| Добар напредок | | | | |
| Многу добар напредок | | | | |

*Извор: ЦИД, на основа на изготвените извештаи за напредокот за присоединувањето, од Европската комисија н земјите од Западниот Балкан.*

[6] SELDI. (2016). „Скриената власт: оценка на корупцијата и скриената економија во Југоисточна Европа". Центар за истражување на демократијата, 12 ноември 2014, последно реализиран достап на 25 јануари 2018 г. на адреса: http://seldi.net/publications/publications/shadow-power-assessment-of-corruption-and-hidden-economy-in-southeast-europe/

# ЕКОНОМСКОТО ВЛИЈАНИЕ ЕКОНОМСКОТО ВЛИЈАНИЕ НА РУСИЈА: ГОЛЕМИНА И ЗНАЧЕЊЕ

Економското влијание на Русија во Западниот Балкан намалува или е во застој после настапот на економската рецесија во Русија и наметнатите меѓународни санкции заради анексирањето на Крим. Освен тоа, знаејки дека рускиот бизнис е сконцентриран во мал број стратешки сектори – финансии, енергетика, металургија и имоти – четрите мали и енергетско зависни земји, анализирани во овој извештај, остануваат ранливи на рускиот притисок. Прекумерната зависност од рускиот увоз, комбинирана со експанзија на руски капитал во регионот, ги направи владите од Западниот Балкан посебно податливи на притисок по стратешки прашања, поврзани не само со диверзификацијата и либерализирањето на енергетскиот пазар, но и со санкциите против Русија и со проширувањето на НАТО и ЕУ.

Локалните олигархиски мрежи во Западниот Балкан исто имаат можност да влијаат врз администрациите во регионот преку врски со структури базирани во Русија како претпријатија, средства за масовна информација и нестопански организации. Овие мрежи се користат од руските можности во енергетскиот сектор, за да насоберат богатство, после кое ке инвестираат во други економски сектори како финансиски, рударска индустрија и имоти. Откако ке постигнат влијание, тие локални мрежи ја забавуваат или ограничуваат либерализацијата на енергетските пазари и диверзификацијата на изворите на нафта и гас. Често нивната дејност води до намерно слабеење на надзорот над банкарски кредити, стратешките спојувања и превземања и меѓувладини договори и дури до ефективно освојување на државата. Бидејки Русија и локалните олигархиски мрежи представуваат долгорочна закана за одржливиот економски раст во регионот, тие ги заплашуваат и демократските институции. Оваа форма на освојување на државата управувано од економско присуство немаше да представува таков проблем за земјите од Западниот Балкан, ако не беше затегнатата контрола од страна на Кремаљ над рускиот приватен сектор. Резултатот е, дека државно – приватните мрежи веќе не се само инструменти за лично збогатување и економски опортунизам, но и за координирано политичко влијание.

Ефектот од економското влијание на Русија се подценува од САД и ЕУ, заради кое тие не го препознаваат вистинскиот размер на ризиците поврзани со тоа. Например во Западниот Балкан ефектот од руските директни инвестиции (ДСИ) беше минимализиран поради редица фактори. Прво, руските ДСИ беа споредувани со општите ДСИ на ЕУ, без да се има во предвид, дека за разлика од Русија ЕУ не е единствена држава. ДСИ на една одделна држава-членка на ЕУ не задолжително преставува одраз на општата економска политика на ЕУ. Второ, ДСИ преку офшорни зони и даночни прибежишта како Кипар како целина остануваат скриени, што означува, дека земјите кои добиваат не секога

знаат кој стои зад нив и какви се ризиците од нив. Трето, се занемарува способноста на руската влада да ги користи ДСИ како инструменти на надворешната политика. Ниту една држава-членка на ЕУ не може да и конкурира на Русија по брзина и обем на контролата врз нејзините корпоративни граѓани. Накрај, руските фирми во Западниот Балкан се фокусираат главно врз стратешките сектори като енергетика, преработка на горива и финанси, додека инвестициските портфолија на земите од ЕУ се по-разновидни и вклучуваат производство, трговија на малопродажба и телекомуникации.

Податоците покажуваат, дека рускиот економски отпечаток во Западниот Балкан е најмоќен во Црна ГораГора, каде руските ДСИ достигнуваат со акумулација скоро 30 % од бруто внатрешниот продукт (БДП) на земјата. Тој е најслаб во Македонија – тука руските ДСИ едвај се еден процент од БДП. Во Србија и Босна и Херцеговина влијанието е скоро еднаков – Русија контролира директно или недиректно околу 10 % од економијата на Србија, главно во клучни сектори како енергетика и банки и над осум проценти од БДП на Босна и Херцеговина – намалување спрема највисоката вредност од 9.8 проценти во 2010 г. Руското корпоративно присуство е нерамномерно распределено во двете федерални единици – Федерација Босна и Херцеговина (БИХ) и Република Српска (РС). Руските ДСИ се концентрирани во РС и во 2014 г. (последната, за која има податоци[7]) фирмите сопстве-

**Слика 3. Големина на руските СДИ како дел од БДП (%)**




*Извор: Пресметки на ЦИД на основа на статистика на националните банки и UNCTAD.*

[7] Размената се определува од приходите од продажби на производи, стоки и услуги од единицата која се очитува во трети земји за очетниот период, без одбивање на данокот на додадена вредност (ДДС). Финансиските и вонредните приходи се исклучени.

ност од Русија контролирале 39 проценти од општиот корпоративна размена на странските фирми, кои работаат на целата територија на Босна и Херцеговина.

**Слика 4. Дел на приходите на компаниите контролирани от Русија во заедничките приходи на фирмите во економијата на државите от Западниот Балкан***




* *За 2006 нема податоци за Македонија, но според анализата руските приходи биле незначителни.*

*Извор:* *Пресметки на ЦИД на основа на корпоративни бази на податоци.*

Приходите за руските фирми како дел от вкупната размена на фирмите во Западниот Балкан се во застој, а во некои случаи дури намалуваат помеѓу 2011 и 2015 г. Во Црна Гора приходите намалуваат од 29,4 проценти во 2006 г. на околу 5,5 проценти во 2015 г. Таа тенденција наоѓа одраз во делот на вработената работна сила во контролираните фирми од руски сопственици во Црна Гора: тој се намалува од 14,2 проценти во 2007 г. на 5,5 проценти во 2015 г. Падот на руското економско присуство во Црна Гора може да биде следен после повлекувањето на руският металуршки тајкун Олег Дерипаска от најголемата компанија во земјата во текот на 2012 – 2013 г. – алуминиумскиот комбинат во Подгорица (КАП). Во тоа време КАП обезбедува запосленост до 2.3 проценти од работната сила на земјата, околу 15 проценти од нејзиниот БДП и приближно 51 проценти од нејзиниот извоз. Руската контрола врз КАП и обезбеди на Русија економско влијание врз националната електрична компанија на Црна Гора – Црногорското претпријатие за електроенергија (ЕПЦГ), кон кое КАП насобра сериозни долгови, додека беше под руска контрола. Навлегувањето на Дерипаска во Црна Гора во 2006 г. беше проследено од брзи руски инвестиции во недвижности и во туризмот, кои доведоа до планови за создавањето на проекти за одморалишта за милиони долари по крајбрежјето на земјата.[8] Во

[8] Ames, Mark and Berman, Ari. (2008). „Врските на Меккејн со Кремаљ". „The Nation". 1 октомври 2008 г., последно реализиран достап на 4 декември 2017 г. на адреса: www.thenation.com/article/mccains-kremlin-ties/

текот на последното десетилетие Русија е нај-значајниот инвеститор во Црна Гора со кумулативни инвестиции од 1.27 милиарди американски долари или околу 13 проценти од вкупните СДИ со акумулација. Пред 2016 г. една третина или 1723 од странските фирми во земјата биле сопственост на руски лица,[9] по податоци од регистарот на фирми на Црна Гора.

За десетгодишниот период кој е разгледуван, руското корпоративно присуство во Србија се одржува релативно константно, во големина од околу 10 проценти од економијата и е сконцентрирано најмногу во енергетскиот сектор. Како целина руските СДИ со акумулација во Србија се малку, околу четири проценти од вкупните СДИ или околу 1.1 милиарди сад.д. во апсолутни измерувања. Во реалност голем дел од руските ДСИ во Србија доаѓаат преку фирми со офиси во сопственост од руски лица во држави-членки на ЕУ како Австрија и Холандија. Само српската компанија за нафта и гас „Нафтена индустрија на Србија" (НИС) вложила барем едена милијарда сад.д. во модернизацијата на својата рафинерија во Панчево откако рускиот државен гигант „Гаспром" ја купи компанијата во 2008 г. Руската компанија за нафта и гас Лукоил инвестира уште 250 милиони сад.д. во пазарот за дистрибуција на горива на големо. Затоа, една пореална проценка на вкупните руски СДИ, вклучувајки ги оние кои доаѓаат преку поврзани лица во ЕУ, ќе биде околу два милијарди сад.д. или шес проценти од БДП на Србија.

**Слика 5. Извоз кон Русија како дел од БДП (%)**




*Извор: Пресметки на ЦИД на основа на трговската статистика во базата на податоци КОМЕКСТ на ЕВРОСТАТ.*

9 Структурни податоци за бизнисот и претпријатијата со странска контрола, публикувани од Службата за Статистика на Црна гора на адреса http://www.monstat.org/eng/page.php?id=67&pageid=67

Русија го шири своето присуство во српската економија не само преку корпоративни инвестиции, но и преку меѓудржавни позајмици. За време на српската финансиска криза во 2012 – 2013 г. Србија побара од Москва позајмица, за да го подржи буџетот и платниот биланс на земјата. Тоа би можело да се разбере како обид да се избегне барање за помош од Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), кој би настојувал да се направат структурни реформи во замена за обезбеден ресурс. Русија се согласи да и даде на Србија заем од 500 милиона сад.д. и веднаш да исплати 300 милиони сад.д., за да ја обезбеди ликвидноста на земјата. Во исто време Србија зеде од Москва уште 800 милиони сад. д. заем, за да ја модернизира застарената железничка инфраструктура во земјата. Со годишна камата од 4.1. проценти, рускиот заем е со понеповолни услови од вообичаените заеми, кои ги даваат европските финансиски институции како Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и Европската инвестициска банка (ЕИБ). Освен тоа вториот заем обезбедува преференцијален статус на руските државни изведувачи на проектите за модернизација на инфраструктурата во Србија.[10] Заемот не беше предмет на јавна дискусија и изгледа Србија ги прифатила условите за ексклузивен пристап на руските изведувачи со прекршување на стандардите на ЕУ за конкуренција и транспарентност во јавните набавки.

Од друга страна преговорите за заем совпаднаа со преговорите помеѓу „Гаспром" и „Србија гас" во врска со десетгодишно снабдување со гас. Склучениот договор предвидува годишна испорака до пет милјарди кубни метри (млрд. куб. м.) природен гас од Русија – два пати повеќе од српските барања и потреби. Според медиумски публикации и интервјуа, со извори блиски до „Србија гас", Србија е задолжена да купува од Русија единствено најмалку 1.5 милјарди куб.м.[11] природен гас годишно, така што немора да прави казнени плаќања за неупотребените количини.

Рускиот економски отпечаток во Србија не се ограничува само во енергетскиот сектор. Најголемото присуство на Русија е на корпоративната арена. Приближно 1,000 фирми во Србија се целосно или делумно руска сопственост.[12] Тие контролираат приходи во големина од околу пет милијарди евра или околу 13 проценти од вкупните годишни приходи, генерирани од српската економија. Како е наведено и подолу, недиректното влијание на руските фирми во Србија поминува низ неколку канали, вклучувајки: (1) зависност на локалните фирми од увозот на руски суровини како природен гас; (2) насобрани долгови за испорака на гас и (3) зависност на локалните фирми од извозот кон Русија или од заеми, обезбедени од банки од контролирани от Русија, како например друштва, керки на „Агрокор".

10 Например во јуни 2017 г. Германската банка за развој KfW и даде на Србија 17 милиони евра за нова водоснабдителна инфраструктура. Види. https://seenews.com/news/serbia-gets-17-mln-euro-loan-from-kfw-for-water-supply-projects-571661

11 Blic. (2017). „Милар: НИС ќе инвестира до три милијарди евра". 27 март 2013 г. препечатено од Танјуг, последно реализиран достап на 6 декември 2017 г. на адреса http://www.blic.rs/vesti/ekonomija/miler-nis-ce-investirati-vise-do-tri-milijarde-evra/vtv6qlt. Во 2016 г. Србија внесе близу 1.8 млрд. куб. м. природен гас од Русија. Внатрешното производство е околу 400 милиони кубни метра.

12 Според анализата на корпоративните бази на податоци.

**Слика 6. Структура на корпоративното присуство на руски фирми во Србија**




*Извор: Пресметки на ЦИД врз основа на корпоративни бази на податоци.*

Во меѓувреме обемот на активите, кои се наоѓаат под директна или индиректна руска контрола, се движи помеѓу осум и десет проценти од вкупните активи во српската економија. И тоа е така и покрај што пониската од пазарната оценка на резервите од нафта и гас на НИС и декапитализацијата на некои од нафтохемиските претпријатија, чиј што долг за гас беше трансформиран во акционерски капитал во корист на „Гаспром". Руските државни и приватни нафтени и гас компании ги поседуваат скоро сите месни резерви од нафта и гас, контролираат над 50 проценти од пазарот на горива на големо и на мало и вршат индиректно влијание врз финансиското и корпоративното управување на државниот добавувач на гас „Србија гас", како и на неговите поголеми индустриски клиенти. Освен тоа во фирмите под контрола на руски лица се вработени директно околу два проценти и индиректно околу пет проценти од работната сила во Србија или около 70,000 души, главно во малку на број индустиски претпријатија како НИС, „Беопетрол/Лукоил", „Сбербанк" и поврзани со „Србија гас" нафтохемиски и стакларски претпријатија.

Во Босна и Херцеговина рускиот економски отпечаток е главно во нафтениот и гас сектор. И покрај што увезува не голема количина нафта од Хрватска и Србија, земјата целосно е зависна од рускиот гас. Руски фирми ги контролираат двете рафинерии на Босна и Херцеговина, кои се наоѓаат во РС. Во последното десетилетие корпоративниот отпечаток на руските фирми во земјата се увеличил повеќе од два пати, од 2.6 проценти од приходите на сите фирми во економијата во 2006 г. на 5.7 проценти во 2015 г. Во абсолутна вредност на руските фирми им отпаднува размена од околу една милијарда евра во 2016 г. Концентрацијата на руските инвестиции и фирми во РС ја

одразува недовербата на базираните во ЕУ фирми кон нвестициите во конститутивната држава. Корупцијата која се шири води до значајни трошоци во тој однос. Во 2016 година, процентот на руски компании во економијата на РС достигна повеќе од осум проценти. Досега, руските компании се најголемите инвеститори од како економската криза во 2008 г. го намали интересот на западните инвеститори кон тој граничен пазар.

Во Босна и Херцеговина нивото на руските ДСИ се увеличува од 235 милион сад.д.[13] во 2008 г. на околу 547 милиони сад.д. во 2016 г. или 8.1 проценти од вкупните ДСИ со акумулација во земјата (и 3.3 проценти од БДП). Повеќето руски инвестиции се концентрирани во преработката на нафта, дистрибуцијата на горива и гас и финансиски услуги. Тука меѓутоа не са вклучени наводните директни државни заеми од Русија за РС. Има податоци, дека во април 2014 г. претседателот на РС договорил заем во големина од 270 милиони евра од Москва во обид да ја натера владата да се откаже од договорот со Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). Тоа значеше, дека не можат да се спроведат структурни реформи[14] поради недостаток на политички конценсус помеѓу политичките партии.[15] Месеци подоцна, претседателот Додик изјави дека Русија обезбедила меѓу 500 и 700 милиони евра за покривање на државните трошоци, во случај ако ММФ не одобри нов заем по истекот на договорот за заем со Фондот во 2015 г.[16] И покрај тоа нема сигурна информација, која го потврдува фактичкото плаќање на тие руски средства за РС.

Во текот на октомври 2015 г. претседателот Додиќ разговараше за заем во големина од 300 милиони сад.д. за финансирање на буџетскиот дефицит на општествената единица во 2015 и 2016 г. од инвестициониот фонд Global Bancorp Commodities and Investments, Inc. (GBCI), базиран во Калифорнија, за спроведување на технологии за управување со отпад во Русија. Според неколку медиумски извори оваа фирма е поврзана и со рускиот граѓанин – Александар Василев.[17] Преговорите со Русија за заемот дојдоа само неколку месеци откако Босна и Херцеговина и нејзините составни единици настрадаа од катастрофалните наводнувања, кои ја парализираа економијата и ги оставија властите со многу малку расположливи пари. Повторно немаше никаква информација, која потврдува, дали тој заем навистина бил даден. Условите на потенцијалниот заем исто останаа доверливи не само за јавноста, но и за соответните државни институции, бидејки тоја не беше дискутиран јавно, ниту во парламентот на РС.

Недостигот на информација за преодниот заем, кој бил договорен зад затворени врати и на јавно достапна анализа на трошоците и придо-

[13] До 2008 година нема достапни статистички податоци за ДСИ.

[14] Latal, Srecko (2016). „Босна склучи договор со ММФ за нов заем од 550 милиони евра", BalkanInsight. 25 мај, 2016 г.

[15] Jukic, Elvira (2014). „Босанските срби бараат руски заем, кој да го замени ММФ", BalkanInsight, 3 април 2014 г.

[16] „Лидерот на босанските срби изјави, дека Русија ќе даде заем на регионот од 500-700 милиони евра", Ројтерс, 19 септември 2014 г.

[17] Мукова, Деница (2015). „Мистериозен инвеститор дава 300 милиони уса.д. на Република Српска", 16 октомври 2015 г.

бивките, раѓа оправдани сомневања, дека договарањето е целосно политички мотивирано. Зделката всушност го повторува воспоставениот модел на однесување на Русија, како например, взаемниот договор со Украина од 2013 г., согласно на кој на бившиот претседател Виктор Јанукович му се обезбедува животно важно финансирање со големина од три милијарди сад.д. во замена за анулирање на Договорот за асоцијација со ЕУ.[18]

Помеѓу четирите држави од Западниот Балкан, економското влијание на Русија во Македонија е најмал и често е перцепиран дури како непостоечки. По деталната оценка на руското присуство во земјата меѓутоа открива една повеќе нијансирана слика, во која се гледаат индиректните канали на влијание, скриени зад мрежа од офшорни фирми или трети лица со местоположба во ЕУ. Бившиот премиер Никола Груевски и неговата управувачка коалиција беа крајно заинтересирани да ги зацврстат економските врски со Русија, посебно во однос на соработката на големи проекти за природен гас како веќе непостоечкиот гасовод „Јужен поток" и неговиот наследник „Турски поток". Но тие амбиции на Македонија се уште не се реалност. Трговската размена помеѓу двете земји останува минимална, макар да се зголемува после 2014 г. бидејќи македонските земјоделци го искористија руското ембарго, наметнато на фармерите од ЕУ. Освен тоа Македонија откажа да се присоедини кон санкциите управувани од ЕУ и САД против Русија, заради анексирањето на Крим, повикувајќи се на потенцијалните штети од извозот. Во абсолутна вредност, трговската размена помеѓу двете земји никогаш не надминала 400 милиони евра, а во 2016 г. е околу 100 милиони евра.

Руските директни инвестиции во Македонија се незначајни – 30 милиони сад.д. во 2015 г., но се повеќе од почетното ниво во 2009 г. Наместо тоа руските претпријатија инвестираат во Македонија преку офшорни дестинации како Кипар, Белиз или држави со преференцијални даночни режими како Холандија, каде например е регистрирана „Лукоил" – најголемата руска компанија во Македонија. Индиректните инвестиции стануваат повидни при преглед на податоците од фирми со последен ефективен сопственик, структура или лице со местоположба во Русија. Пример за тоа е бизнисот со спортско обложување, создаден од рускиот бизнесмен Сергеј Самсоненко, кој стана еден од најбогатите луѓе во земјата и отворено ја помогна предизборната кампања на Груевски во 2016/2017 г. (види. Забелешка 1).

Според анализата 78 фирми, регистрирани во Македонија, се со минимум 25 проценти руска сопственост. Приходите на руските фирми, кои работаат во Македонија, се зголемуваат четири пати – од 63 милиони евра во 2006 г. на над 212 милиони евра во 2015. И покра тоа нивниот дел во заедничките приходи во економијата е малку над еден процент, а речиси близу половината од продажбите се генерирани од една фирма – дистрибуторот на горива на мало „Лукоил" – а другата половина е концентрирана во две фирми за изградба на гасоводи,

[18] Walker, Shaun. (2013).„Владимир Путин и предлага на Украина финансиски стимули, за да остане со Русија", „Гардијан", 18 декември 2013 г.

кои ја градат раширената гасодистрибутивна мрежа и во фирмите за обложување на Самсоненко.

За споредба, македонските фирми со австриски и холански крајни ефективни сопственици контролираат повеќе од 26 проценти од вкупните приходи на сите претпријатија во земјата и 24 проценти од вкупните активи во економијата, а во нив се ангажирани 15 проценти од работната сила. Грчките компании имаат дел од 13 проценти во економијата, каде како најголем грчки инвеститор е операторот на рафинерии Hellenic Petroleum. Меѓу тие компании се и некои од најголемите компании во земјата како електродистрибутивното друштво EVN и металуршкиот комбинат за фероникел во Кавадарци, сопственост на најголемиот производител на никел во Европа „Cunico Resources", регистриран во Холандија. Со својот значаен дел во банкарството, дистрибуцијата на горива и морските превози Грција очевидно има најголемо корпоративно присуство во Македонија. И покрај тоа треба да се одбележи, дека рударската компанија „Солвеј", која управува оловни, цинкови и бакарни рудници во земјата, како и мешаното друштво, кое ја поседува и управува комбинираната и когенеративна термо централа близу до Скопје, се сопственост на офшорни структури, поврзани со руски холдинзи. Тие не се јавуваат како директна руска сопственост,[19] но нивното вклучување во анализата би го удвоило руското економско присуство во Македонија, макар да тоа ќе остане незначајно во споредба со тоа на грчките, австриските и холанските фирми.

[19] Фомичева, Анастасија. (2015). „Жалиме, Скопје: ТГК-2 го изгуби правото на 100 % сопственост врз ТЕЦ-от во Македонија", Комерсант, 14 октомври 2015 г., https://www.kommersant.ru/doc/2832233

# РАНЛИВИ СЕКТОРИ

## Енергетика

Најочигледна манифестација на проширувањето на економското влијание на Русија во Западниот Балкан се гледа во постепеното превземање на енергетиката на тие земји од руски фирми. Во Србија Русија го користи неефективното управување во клучни сектори на економијата, за да го прошири своето влијание. Посебно, нејзините инвестиции во енергетиката се дизајнирани да ја намалат конкуренцијата и да ги зацврстат позициите на Русија преку блокирање на испораките. Овие инвестиции имат за цел не само да ги заштитат економските и политичките интереси на Русија, но и да поттикнат меѓузависност помеѓу земјите кои и даваат приоритет на Русија во своите односи. Како во Србија, така и во Босна и Херцеговина недостасува транспарентност во управувањето на државните компании за гас. И покрај што долгорочните договори со „Гаспром" ги одржуваат увозните цени на гасот на многу повисоки нивоа од тие во повекето европски земји, министрите на енергетика во Србија и Босна и Херцеговина не прават обиди да ги преструктурираат тие договори и да постигнат поголема флексибилност. Нешто повеке, тие не направија скоро ништо, за да ги убрзаат проектите за диверзификација на стратешките испораки на гас. Меѓувремено политичарите ги заштитија јавно големите инфраструктурни проекти за природен гас раководени од Русија како „Јужен поток" и TESLA – без анализа на трошоци и придобивки, покрај големите политички ветувања за нови работни места и економски раст. Меѓувладините договори за тие проекти беа договорени во полна тајност, што доведе до сомнежи, дека зделките вклучуваат услови, кои може да ги блокираат долгорочните алтернативни испораки на гас за земјите.

Како во Србија, така и во Босна и Херцеговина веќе напуштениот проект за гасоводот „Јужен поток" се управуваше со прекршување на Третиот енергетски пакет на ЕУ, бидејки „Гаспром" поседува повеќе од 50 проценти од друштвото за реализација на проектот. Согласно на правилата на Пакетот, сопственикот на природниот гас не може да го поседува истовремено мнозинскиот удел во националната гасопреносна и гасодистрибутивна мрежа. Освен тоа компаниите за гас во двете земји се уште не се наполно преструктурирани во соодветност со „законодателството на ЕУ во областа на енергетиката" или правната рамка на Енергетската заедница. Како се истакнува во извештајот за напредокот на Енергетската заедница од 2017 г., пазарите на гас во Србија и Босна и Херцеговина се силно концентрирани и како целост затворени.[20]

---

[20] Европската енергетска заедница (2017 г.). Годишен извештај за реализацијата, 1 септември 2017 г., Секретаријат на Енергетската заедница.

Трговијата со енергија е заедничкиот именител во трајниот трговски дефицит на Босна и Херцеговина, Македонија и Србија со Русија. И во трите земји суровата нафта и природниот гас завземаат помеѓу 75 и 95 проценти од увозот од Русија. Таа енергетска зависност допринесува за вкупната трговска ранливост на овие земји од Русија, која, како се гледа од споровите на Србија со Русија по однос на гасот, може да доведе до прекинување на испораките, корпоративен застој на големи индустриски активи и силен притисок врз надворешната политика. Комбинацијата на енергетскиот долг и неповолните договори го кочи економскиот раст и ја поткопува финансиската стабилност, а тоа врши притисок врз владите да се согласат на политички барања од странство. И покрај што влијанието на овој инструмент ослабува во последното десетилетие, најмногу поради падот во цените на енергетските носители, тој се пак продолжува да има значење, бидејќи Југоисточна Европа останува најразделен и изолиран дел од Европа во однос на енергијата.

**Слика 7. Увоз на нафта и гас како дел од БДП (%)**




*Извор: Пресметки на ЦИД на основа на трговската статистика во базата податоци КОМЕКСТ на ЕВРОСТАТ.*

В регионот на Западниот Балкан Русија се има усмерено кон големи, нереформирани (од гледна точка на корпоративното управување) државни фирми, кои се зависни од малку на број менаџери и политички назначувања, подложни на манипулација од руските државни и приватни структури. „Гаспром" ја зацврсти својата доминантна позиција на внатрешните пазари на природен гас во Босна и Херцеговина, Македонија и Србија преку склучувањето на не флексибилни, долгорочни договори за испорака на гас, промовирање на изградба

на големи и скапи гасоводи, назначување на локални посредници за гасификација со силни политички врски и блокирање на обидите за либерализација на пазарот и диверзификација на изворите на енергија. Во 2008 г. нафтената ќерка компанија на „Гаспром" „Гаспромнефт" го купи српскиот нафтен и гас холдинг НИС – нај-големата српска фирма – после нетранспарентен меѓувладин договор со противречни услови. Договорот од 2008 г. вклучува одредба, Србија да учевствува во веќе напуштениот проект за гасовод „Јужен поток", со кое ке се цементира зависноста на земјата од руски гас. Зделката може да биде поврзана со подршката на Русија за отфрлената од Србија еднострано објавената независност од страна на Косово во февруари 2008 г. Таа врска помеѓу енергија и политика лежи во основата на руското влијание во Западниот Балкан и е поволна основа за бројни активности, насочени кон ширењето на економското присуство на Русија во банкарскиот сектор, рударството и имотите.

Наместо да се стремат да ги прошират своите испораки на гас преку гасодистрибутивни поврзувања со Бугарија и Хрватска, земјите од Западниот Балкан (со исклучок на Црна Гора, која не употребува гас) останаа енергетски острови, кои посветуваат поголем дел од своите политички усилби да ги рекламират управуваните гасоводи од „Гаспром". Не е за изненадување, дека Босна и Херцеговина и Македонија, кои не успеаа да ги либерализираат своите пазари на гас и сметаат на фиксирани долгорочни нафтено – индексирани договори, плаќаат едни од највисоките цени[21] за гас во Европа.

Во Србија, заради високите цени, наплаќани од „Гаспром" и недостатокот на флексибилност во долгорочниот договор на српскиот доставувач на гас на големо „Србија гас", последниот насобра долг од 200 милиони евра помеѓу 2001 и 2011 г. за неплатени испораки на гас. Загубите се резултат од несоодветноста помеѓу високите увозни цени на гас и внатрешните цени за корисниците, кои српскиот регулатор ги одржува вештачки ниски, за да спречи социјални немири. Освен тоа „Србија гас" не успеа да си ги собере задолжувањата од неколку големи државни претпријатија (фабрика за ѓубрива „Азотара", нафтохемиските произведувачи „Петрохемија" и производителот на челик фабриката „Смедерево"), како и од општинските топлофикации. Значаен дел од српската тешка индустрија е зависна од доставките на ефтин природен гас од „Србија гас" и од локални извори, разработувани от НИС. И откако во 2009 г. светската економска криза ја погоди Србија, големите српски претпријатија започнаа да не ги исполуваат своите договорни задолжувања за испорака на гас, што доведе до нивното превземање од „Србија гас" и државата. Неколку последователни српски влади одбијаа да ги преструктуираат или затворат државните фирми – загубари, плашејки се од несакани социјални и политички реакции. Под притисокот на ММФ владата на Александар Вучиќ започна да ги решава тие структурни проблеми. Гореспоменатите фирми се некои од најголемите српски извозници.

[21] Канците на „Гаспром": влијанието на Русија врз Европа. Радио „Слободна Европа" – информативна графика на зависност на Европа от руски гас по држави, последно реализиран достап на 9 ноември 2017 г. на адреса https://www.rferl.org/a/gazprom-russia-gas-leverage-europe/25441983.html

Но нивната рентабилност зависи од достапноста на евтин природен гас и горива.

Кога во средината на првата деценија на 21-ви век цените на гас започнаа да растат, „Азотара", „Петрохемија" и „Смедерево", во светлината на оскудните алтернативи на „Гаспром", започнаа да не ги исполнуваат своите задолжувања од договорите за гас. На пример фабриката за ѓубрива „Азотара", „Петрохемија" и производувачот на челик фабриката „Смедерево", кои веќе се сопственост на „Србија гас" или на државата, насобраа огромни загуби од 2008 до 2014 г., и покрај што добиваа поефтин природен гас од „Србија гас".[22] „Гаспром" има стратешки интерес и трите фирми да оздравеат, затоа што тие преставуваат скоро една третина од пазарот на гас во Србија. „Гаспром" може да го избегне директното купување на тие фирми и наместо тоа да го искористи нивниот долг, за да изврши притисок врз Србија, бидејќи можниот колапс на задолжените фирми може да остави илјадници демонстранти на улиците.

„Гаспром" веќе ја користи ранливоста на Србија со намалување на доставките на гас во 2014 г. Тогаш се случи најсуштествената манипулација на доставките на гас – намалување со 30 проценти – и тоа само денови пред посетата на рускиот претседател Владимир Путин во Белград. „Гаспром" укажува на акумулираниот долг на „Србија гас" како причина за намалување на доставките.[23] Во март 2016 г. „Србија гас" започнува преговори за преструктуирање на својот вкупен долг во вредност околу една милиајарда евра, од кои половината беше кон руски државни банки. Српската држава го превзеде поголемиот дел од директниот долг кон „Гаспром", кое денес се одразува во влошената фискална позиција на земјата.

Финансиските потешкотии на „Србија гас" се едни од основните причини за несакањето на српската влада да го преструктуира друштвото во сооднос со правилата во Третиот енергетски пакет на ЕУ. Ако „Србија гас" ги загуби своите операции во преносот и складирањето на гас и стане само дистрибутивно друштво, таа може да фалира. Блиски до „Гаспром" срби како Душан Бајатовиќ – Главен извршен директор на „Србија гас" и член на советот на директорите на друштвото ќерка на „Гаспром" „Југоросгас" – се спротивоставуваат на преструктуирањето на „Србија гас": потег, што не само што ќе донесе поголема транспарентност во секторот за гас во земјата, но и би ја засилил конкуренцијата од независни добавувачи. Со спротивставувањето на реструктуирање на „Србија гас" Бајатовиќ му попречува на напредокот на проектот за гасовод за поврзување со Бугарија, како што ЕБОР инсистира на тоа дека Србија треба да биде усогласена со Третиот енергетски пакет, согласно на кој сопственоста

---

22 Република Србија – Фискален совет. Оценка на државните претпријатија во Србија: финансиски аспекти. Белград, 31 јули 2014 г., последно реализиран достап на 22 јануари 2018 г. на адреса http://www.fiskalnisavet.rs/doc/eng/analysis_of_state-owned_enterprises-fiscal_aspect.pdf

23 „Русија го намалува притокот на гас во Србија заради неплатени долгови", *Novinite.com*, 1 ноември 2014 г., http://www.novinite.com/articles/164467/Russia+Reduces+Gas+Flow+to+Serbia+over+Unpaid+Debt

на активностите за снабдување со гас и пренос треба да биде законски и функционално разделена. Тој исто така ги заштитува интересите на „Гаспром" во медиумите и јавно се спротивставува, покрај на другите прашања, така и на обидот да се зголеми данокот на добивка од природни суровини.

Бајатовиќ, кој е заменик шеф на Социјалистичката партија на Србија (СПС) – помлад коалициски партнер на сегашната српска влада – ја претставува Србија во повеќето заеднички со „Гаспром", вклучувајќи го „Јужен поток", мешовитата српско – руска осигурувачка компанија „Согас", и „Банатски двор" – подземно складиште за гас, изградено од „Гаспром". Неговото назначување во повисокото раководство на овие фирми очигледно би било во спротивност со добрите практики на корпоративно управување на ОИСР, кое препорачува јасна поделба на политиката и управувањето на националните компании, за да не се дозволуваат конфликти на интереси, клиентелизам и непрофесионализам.[24] Од завземаните позиции Бајатовиќ добива околу 20 000 евра месечно[25] – дваесет пати повеќе од неговиот пријавен доход од „Србија гас". Благодарение на спонзорството на „Србија гас" тој е и претседател на советот на директорите на Спортската асоциација „Војводина" – здружение на спортски клубови од Нови сад – и бил член на советот на директорите на еден од двата најголеми фудбалски клубови во Србија – „Црвена звезда", чиј основен спонзор е „Гаспром". Во 2014 г. Агенцијата за борба со корупцијата му препорача на Бајатовиќ да се откаже од местото на главен извршен директор, но тој успеа да ја избегне оваа препорака.[26] Во медиумите тој често ја возвишува соработката со Русија во енергетскиот сектор и ги критикува сите други варијанти за диверзифицирање, вклучувајќи го поврзувањето со гас со Бугарија и секаква потенцијална доставка од терминалот за течнен природен гас на островот Крк в Хрватска.[27]

Руското влијание во секторот за гас се распространува преку посреднички канали како „Југоросгас" – мешано друштво помеѓу „Србија гас" и „Гаспром", во кое руската страна има контрола на 75 проценти од акциите (види Слика 7 подолу). Најпрвин мешовитото претпријатие беше создадено со цел на изградба на гасопреносна врска со Бугарија и гасифицирање на јужна Србија, но во 2007г. друштвото стана основниот посредник во трговијата со гас на „Србија гас" со Русија. „Југоросгас" добива околу четири проценти премија врз гасот, кој го

---

[24] ОИСР. (2015). Упатства на ОИСР за примена на корпоративно управување во претпријатијата со државно учество. Издание 2015 г., достапно со можност за спуштање на адреса http://www.oecd.org/corporate/guidelines-corporate-governance-SOEs.html

[25] Nataša Latković „Srbijagas" u sve većoj dubiozi, a Bajatoviću VEĆA PLATA za čak 1.400 evra," 2 февруари 2017 г., *Blic*, последно реализиран пристап на 29 ноември 2017 г. на http://www.blic.rs/vesti/politika/srbijagas-u-sve-vecoj-dubiozi-a-bajatovicu-veca-plata-za-cak-1400 evra/s2brymd

[26] „Agencija: Bajatović će moći usmeno da se izjasni o predloženoj smeni," 25 ноември 2015 г., *Blic*, последно реализиран пристап на 21 декември 2017 г. на адреса http://www.blic.rs/vesti/politika/agencija-bajatovic-ce-moci-usmeno-da-se-izjasni-o-predlozenoj-smeni/2fqzqbb

[27] „Srbija u problemu – nema alternative za ruski gas," 26 март 2015 г., *Sputnik Srbija*, последно реализиран пристап на 21 декември 2017 г. на адреса https://rs-lat.sputniknews.com/ekonomija/20150326893419/

препродава на „Србија гас", кои придонесуваат за профит од приближно 15 милиони евра само во 2013 година.[28]

„Гаспром" ја проектирал структурата за испорака на гас во своја корист и очевидно за сметка на „Србија гас". „Гаспром" му продава договорени количини на „Југоросгас" во Украина, после кое „Србија гас" го купува истиот гас, но со четири проценти премија и ги плаќа дополнителните трошоци за пренос преку Унгарија. Повеќе години постои следниот парадокс: откако „Југоросгас" му го продаде рускиот гас на „Србија гас", националниот доставувач на гас го препродава на пониска регулирана цена обратно на „Југоросгас" за сопствена дистрибуција во јужна Србија, кое постојано води до големи загуби за „Србија гас".

И покрај што многу од елементите на трговија со гас помеѓу Србија и Русија остануваат непознати поради доверливоста на договорите, истражувачките извештаи на водечките српски медиуми[29] покажуваат, дека „Србија гас" трпи значајни загуби заради своите договори за трговија со гас. Сметката евентуално ќе треба да биде платена от српскиот даночен обврзник, нај веројатно преку емитирањето на уште зголемен јавен долг, кој ке треба да биде покриен со повисоки даноци или кратење на социјалните трошоци. Од друга страна, „Југоросгас" не ги инвестира своите приходи во развојот на својот систем на гасоводи во Србија ниту меѓусистемската врска со Бугарија, како што е договорено помеѓу руската и српската влада, а наместо тоа ги распределува сретствата помеѓу сопствениците на компанијата.[30] „Србија гас" добива 25 проценти од сите приходи, а останатите 75 проценти се префрлаат во странство – 50 проценти на „Гаспром" во Русија и 25 проценти на „Центрекс", друштво кое според проучувањата е целосно сопственост на „Гаспром".

Неспособноста на раководството на „Србија гас" да ја реструктуира компанијата е во спротивност на условот од Европската банка за реконструкција и развој (ЕБРР) за финансирање на изградбата на меѓусистемското поврзување Бугарија – Србија, која би ја подобрило енергетската сигурност на Србија и би довела до снижување на увозните цени на гасот. „Гаспром" се спротивставува на гасоводот, бидејќи тој директно би ја попречил доминантната положба на фирмата на српскиот пазар.

Во Македонија, каде над 80 проценти од енергијата на земјата доаѓа од јаглен и нафта, улогата на секторот за гас е незначајна. И покрај тоа геополитичките погледи, кои го следат долгорочниот договор со „Гаспром", во соработка со воденото од Русија градење на локални гасоводи, ја зголемија политичката улога на природниот гас во земјата.

28 Првобитно гаспреносната врска помеѓу Бугарија и Србија беше сметана за цевовод за иден пренос на руски гас.

29 Например Insider, TV B92.

30 Со исклучок на 100 км цевовод, изграден до НИС пред 2000 г., многу мал напредок е постигнат во градењето на гасоводот Ниш-Димитровград (Бугарија). Во 2014 г., кога „Гаспром" изјави, дека ќе го напушти „Јужен поток", Бугарија и Србија, кои склучија меморандум за градењето на меѓусистемското поврзување за гас во 2012 г., беа принудени да побараат алтернативни варијанти за снабдување со гас.

**Слика 8. Хиерархиска структура на сопственоста на „Гаспром“ во Србија**




*Извор: ЦИД врз основа на анализи на корпоративни бази на податоци.*

Зависноста од руски гас веројатно расте врз основа на планираните инвестиции во инфраструктура за гасификација во земјата. Тоа го отвора прашањето, дали гасификацијата е трговски оправдана или е само одговор на политички притисок за вештачко зголемување на потребата од гас.

Македонија е силно зависна од горењето на дрва со лош квалитет и лигнит или кафеав јаглен за отоплување. Бидејќи емисиите од горивата доведуваат до високо ниво на загадување на воздухот, гасификацијата на домаќинствата се прима како важен начин за намалување на енергетската сиромаштија. И покрај тоа засега само источниот град

Струмица има достап до природен гас преку Трансбалканскиот гасовод. (Друг важен исклучок е електроцентралата на гас ТЕЦ во главниот град Скопје). Во целина Македонија употребува помеѓу 0.05 и 0.1 милијарди куб. м. гас годишно – најнискиот процент на употреба на гас во Европа.[31] Во 2016 г. „Гаспром" и испорача на Македонија 0.07 милијарди куб. м. гас. Локалната гасоводна мрежа, која вклучува повеќе од 260 километри гасовод, стигнува до термоцентралата ТЕЦ и неколку индустриски клиенти[32] во околината на Скопје.

Ниското ниво на употреба на гас во Македонија го намали негативниот ефект од намалените испораки во 2006 и 2009 г., кога недоразбирањето помеѓу „Гаспром" и владата на Украина привремено го сопре преносот од Русија кон Југоисточна Европа. Македонија успешно премина на тврди горива, за да го компензира падот во секторот за гасификација. Неколку последователни влади продолжија да даваат поткрепа на ширењето на гасоводната мрежа во земјата и се ангажираа на управуваните од „Гаспром" гасоводи „Јужен поток" и „Турски поток". Во јули 2013 г. Македонската влада склучи двострана спогодба со Русија за изградба на крак на „Јужен поток" и покрај големата несигурност како точно да биде поврзана Македонија на гасоводот.[33] Откако проектот беше напуштен под притисокот на Брисел,[34] рускиот претседател Владимир Путин објави нов проект – „Турски поток" – кој требаше да вклучува два гасовода, од кои секој да доставува малку под 16 милиарди кубни метра гас годишно до Турција. Првиот гасовод требаше да го снабдува само турскиот внатрешен пазар, а вториот требаше да пренесува гас преку Грција или Бугарија за Македонија, Србија и Унгарија по нов гасовод TESLA и требаше да завршува во гасниот центар „Баумгартен" близу до Виена. Тие планови беа слични со првобитните планови за проектот „Јужен поток" со таа разлика, дека TESLA е вклучен во проектите от заеднички интерес (ПЗИ) на Европската комисија. Вклучувањето во ПЗИ е предуслов за евентуал-

---

31 Статистика на „Гаспром" за испорака на гас за Европа, последно реализиран достап на официјалниот сајт на „Гаспром" на адреса: http://www.gazpromexport.ru/en/statistics/

32 Високата цена на гасот и нефлексибилните услови „земаш или плаќаш" на договорот со „Гаспром" финансиски му ги натоварија некои од големите потрошувачи на гас во земјата. Например ТЕЦ, која е сопственост на руската ТКГ-2 преку нејзината македонска ќерка фиирма „Балкан енерџи груп", се контролира од рускиот член на Советот на Федерацијата и бизнисмен Леонид Лебедев. По податоци од 2013 г. друштвото насобрало близу 120 милиони уса.д. долг за гас кон „Гаспром" (за работата на две централи во Русија и една во Скопје). Точната сума на македонскиот долг за гас е неизвесна поради доверливоста договорот. На крајот на 2015 г. ТКГ-2 и должеше на „Топлификација" – основното топлофикациско друштво – 23 милиони евра. Поголемиот дел од долгот беше насобран преку кредит од „Топлификација" за изградбата на комбинираната и когенеративна термоцентрала во Скопје. Во јануари 2017 г. руската ВТБ поднесе барање до руски суд за конфискација на централата во обид да се употреби активот за исплата на дел од долгот на ТКГ кон банката. Отежнатата финансиска положба на централата генерира лавина од долгови, која го погоди топлофикациското друштво, а тоа во најдобар случај можеше да доведе до декапитализација на компанијата и проблеми со сигурноста на снабдувањето, а најлошо – до целосно запирање на работата на централата и ризик 50 000 домакинства во Скопје да останат без отоплување преку зимата.

33 B92 (2013). „Русија и Македонија склучуваат договор за проширување на „Јужен поток", 24 јули 2013 г., последно реализиран достап на 16 ноември на адреса: http://www.b92.net/eng/news/region.php?yyyy=2013& mm=07&dd=24&nav_id=87050

34 RFERL (2014). „Бугарија ја прекинува работата на гасоводот „Јужен поток"". Радио „Слободна Европа", 8 јуни 2014 г., последно реализиран достап на 21 ноември 2017 г. на адреса https://www.rferl.org/a/bulgaria-suspends-work-on-south-stream-pipeline/25414739.html

но финансирање од ЕУ.[35] Гасоводот е планиран за 2019 г., што е доста нереално имајки го во предвид бавниот напредок на „Турски поток" и заедничкото противење од страна на ЕУ против нов руски гасовод од југ. Вклучувањето на TESLA во списокот на ПЗИ на ЕС во 2015 г. очевидно е последица на силно лобирање од страна на Унгарија, која беше дипломатскиот лидер за усвојувањето на TESLA.[36]

Претходната македонска влада на Никола Груевски ја прифати идејата за TESLA и работи во блиско партнерство со руската компанија за изградба на гасоводи „Стројтрансгас" за ширење на локалната цевоводна мрежа за природен гас. „Стројтрансгас" е сопственост на Генади Тимченко кој е санкциониран од САД и ЕУ. Се смета, дека истото друштво требало да биде одговорно за градењето на кракот на „Јужен поток" за Македонија пред проектот да се прекине.[37] Анулираниот проект беше планиран за 200 – 300 милиони сад.д. и требаше да се финансира делумно од руска страна со начин за враќање на 60 милиони долари советски долг кон Македонија. Во февруари 2017 г. руското министерство за финансии објави, дека ќе го изчисти долгот кон Македонија до крајот на годината.[38] Всушност со плаќањето на овој давнешен долг кон Македонија преку финансирање на проширувањето на локалната гасоводна инфраструктура Русија ќе финансираше фирма со силни врски со Кремаљ, која пред тоа добиваше милијарди долари преку други проекти за гасоводи во Русија и Европа.

И покрај неуспехот на „Јужен поток" и не нарочно јасна судбина на TESLA, министерството делумно ги исполни своите планови за проширување на локалната мрежа. Во 2016 г. „Стројтрансгас" ја заврши изградбата на гасоводот Клековице – Неготино со должина 96 км, на вредност од 75 милиони сад.д., кој ја поврзува Македонија со српскиот гасоводен систем.[39] Друштвото планира да го заврши поврзувањето со Грција, каде, се очекуваше да се поврзе на вториот цевовод на гасоводот „Турски поток" на границата. Во октомври 2016 г. македонскиот и грчкиот преносни оператори MER и DESFA склучија договор за поврзување на нивните мрежи преку 160 километровата меѓусистемска врска кон Штип, каде завршува проширувањето на гасоводот Клековице – Неготино изграден од Русија. Овој нов гасовод дава можност за диверсификација, кој може да го поврзе македонскиот гасоводен систем со азербеџанскиот гас, кој тече преку Трансадријатичкиот гасовод (ТАГ).[40] Но неколку

---

[35] Георгиев, Георги (2015). „Партнерите од Централна, Источна и Југоисточна Европа гледаат европски средства за проектот за гасоводот „Тесла", SeeNews, 28 август 2015 г., последно реализиран достап на 21 ноември на адреса: https://seenews.com/news/cesee-partners-eye-eu-funds-for-tesla-gas-pipeline-project-490558#sthash.zOUb2R0v.dpuf

[36] Пак таму.

[37] Luhn, Alec (2014). „Генади Тимченко ги одрекнува своите врски со Путин, кои го направија еден од најголемите руски олигарси", 24.03.2014 г., последно реализиран достап на 16 ноември на адреса https://www.theguardian.com/world/2014/mar/21/oligarch-timchenko-denies-putin-links-us-blacklist-sanctions

[38] RT (2017). „Русија ќе го исчисти целиот советски долг до крајот на годината", RT, 17.02.2017 последно реализиран достап на 10 ноември на адреса https://www.rt.com/business/377676-russia-pays-soviet-debt/

[39] „Македонија завршува дел од својата гасоводна мрежа", economynews.bg, 01.08.2016 г.

[40] Balkan Energy (2016). „MER и DESFA склучија Меморандум за разбирање за изградба на гасовод", 14 октомври 2016 г., последно реализиран достап на 10 ноември на адреса http://balkanenergy.com/mer-and-desfa-signed-mou-on-gas-pipeline-construction-region-14-october-2016/

последователни македонски влади ја пропуштија таа можност за разнообразност и диверзификација на испораките на гас. Наместо тоа тие би сакале да продолжат со економски нереални проекти за гасоводи со нефлексибилни договорни услови, управувани од „Гаспром": „Јужен поток", „Турски поток" и „TESLA". Решението за започнување на голема гасификација со крајно блиска до Кремљ компанија („Стројтрансгас") и „Гаспром" со цел на враќање на советскиот долг е типичен пример за модел, карактеристичен за сите влади на Балканот, со кој тие ги занемаруваат своите национални интереси во име на геополитички заблуди, подкрепени од руска и локална пропаганда.

Основната економска заблуда, поврзана со проектот „Јужен поток", е, дека примањето на голем руски гасовод ќе ја промени локалната економија, ќе создаде илјади работни места и ќе генерира нови видови стопански дејности. Според слични заблуди изградбата на гасоводот требало да биде во корист на балканските држави заради поевтиниот природен гас, кое од своја страна требало да го олесни проширувањето на преносот на гас. Овие мислења не се темелат на факти, ниту на детални оценки на економскиот ефект, а на изјави на високи политичари и некои бизнис лидери.[41] Другиот мит – дека проектот за руски гасовод ќе даде поголема енергетска сигурност на земјите кои примаат – беше целосно разобличен од искуството на Украина и Беларусија, кои непрекинато страдаат од прекини на доставките, независно дека се основни транзитни земји на рускиот гас.

Босна и Херцеговина падна во истата гасова стапица. Земјата е целосно зависна од рускиот увоз. Природниот гас покрива околу 25 проценти од потребите на топлификациите (останатото се покрива со мазут), но нема суштествено значење за енергетскиот сектор на земјата. Во 2013 г. Босна и Херцеговина плаќа втора највисока цена за увезен гас од 515 сад.д. за 1000 кубни метра, а пред нив е само Македонија со 564 сад.д.[42] Босна и Херцеговина беше една од најсилно засегнатите земји во Југоисточна Европа од прекинот на пренос на руски гас преку Украина во 2009 г. за време на спорот за цена помеѓу „Гаспром" и „Нафтогас", кога испораките беа намалени на половина.[43] Во 2015 г. на природниот гас му отпаднаа само околу четри проценти од вкупното крајно енергетско побарување, а во апсолутни вредности тоа не надминуваше 220 милиони кубни метра. Независно од ограничената употреба на природен гас во Босна и Херцеговина Русија се стреми да ја искористи зависноста на земјата од увоз, за да ја засили поделбата помеѓу единиците на заедницата.

Односите со „Гаспром" остануваат во целина несиметрични. Рускиот доставувач често ја користи својата монополна положба, за да ги на-

---

[41] Marusic, Sinisa (2013). „Договорот за „Јужен поток" ги зголемува перспективите за гас за Македония", BalkanInsight, 26 јули 2013 г.

[42] Канците на „Гаспром": влијанието на Русија врз Европа. Радио „Слободна Европа" – информациска графика на зависноста на Европа од руски гас по држави, последно реализиран достап на 9 ноември 2017 г. на адреса https://www.rferl.org/a/gazprom-russia-gas-leverage-europe/25441983.html

[43] Ралчев, Стефан. (2009). „Руските испораќи на гас за Босна скратени на половина", See News, 6 јануари 2009 г., последно реализиран достап на 13 ноември 2017 г. на адреса https://seenews.com/news/update-2-russian-gas-supplies-to-bosnia-cut-by-half-239252

сочува БИХ и РС една наспроти друга. Например во февруари 2015 г. раководителот на доставувачот на гас во РС „ГАС РЕС" и главниот извршен директор на „Гаспром" склучија нов договор за директна испорака на гас за општествената единица, заобиколувајќи еден од добавувачите на гас во БИХ, а имено „БХ Гас", со услови за преференцијални цени после разговори помеѓу главниот извршен директор на „Гаспром" и Претседателот Додик во септември 2014 г.[44] Во договорот се споменува, дека „Гаспром" ќе достави 106 милиони кубни метра гас на РС од 1 јули 2015 г. до 31 декември 2016 г.[45] Договорот е поврзан со создавањето на ново заедничко вложување (60 проценти за „Гаспром" и 40 проценти за РС наспротив 51 проценти со 49 проценти во Србија и 50 на 50 проценти во Бугарија) за изградбата на кракот на „Јужен поток" од РС кон БИХ. Макар да управувањето на енергетскиот сектор е во надлежност на секоја една од единиците на заедницата, РС, која има географска предност заради близината до инфраструктурата на Србија, има значајна моќ над испораќите на гас за БИХ.

Како БИХ, така и РС очекуваа, дека „Јужен поток" ќе ги реши нивните проблеми со недостиг на гас заради тесните места на постојната гасоводна мрежа, предизвикани од споровите помеѓу двете општествени единици. Целта на раководството на РС беше да изгради 280 км гасовод до главниот град на општествената единица Бања Лука и 46 станбени региони во РС. Овој план е вклучен во планот за гасификација на РС од 2002 г., кога на компанијата „Славија Интернешенал" од Лакташи – родното место на Додик и тврдина на неговата Алијанса на независните социјалдемократи (SNSD) – беше наметнат договор за концесија за изградба на гасовод со должина 480 км по долината на р. Сава. „Јужен поток" требаше да ја следи истата траса со капацитет помеѓу 1.5 и 1.7 милијарди кубни метра годишно. И покрај тоа во склучувањето на договорот за „Јужен поток" РС ја заобиколи БИХ и владата, со ефективно блокирање на достап до планираниот гасовод надвор од гасодистрибутивната мрежа, управувана од РС. Според оценката на РС, директните и индиректните загуби за Босна и Херцеговина од поништувањето на „Јужен поток" надминува два милијарда евра.[46]

Од страна на БИХ, Гаспром има договори за испорака на годишна база со „БХ Гас" и „Енергоинвест". „БХ Гас" е единствен снабдувач на големо и еден од двајцата оператори на системот за пренос на гас во општествената единица (другиот е „Гас промет"). Во РС има уште еден оператор на системот за пренос на гас – „Сараевогас Источно Сараево". Помеѓу БИХ и РС има само една врска со локалниот систем за пренос – во Зворник во РС. Постојаните политички борби на етничка

[44] Posaner Josh (2014). „Договорот на „Гаспром" во Република Српбска" обезбедува привремено решение за „Јужен поток", Лондонски економски универзитет, Истражувачки блог за Југоисточна Европа, 16 септември 2014 г., последно реализиран пристап на 13 ноември 2017 г. на адреса http://blogs.lse.ac.uk/lsee/ 2014/09/16/gazproms-gas-deal-in-republika-srpska-provides-south-stream-stop-gap/

[45] Соопштение за печатот од „Гаспром експорт", 27 февруари 2015 г. последно реализиран пристап на 13 ноември 2017 г. на адреса http://www.gazpromexport.ru/en/presscenter/press/1531/

[46] Статија на „Дојче веле" од 4 декември 2014 г.: http://www.dw.com/hr/i-bih-ostala-bez-milijunskih-investicija/a-18109661

основа и фактот, дека има тројца различни оператори на системот за пренос на гас, допринесоа за слабата работа на системот и за кризи во испораките.[47] Фактот, што има два различни закони за гас секторот и регулации за операторите на преносните системи (ОПС) означува, дека снабдувачите на гас срекаваат сериозни пречки во преносот на гас од едната општествена единица до другата, бидејќи правилата за резервација на капацитети се различни, а заради ограничената соработка помеѓу операторите често има сопирање на снабдувањето со гас.

Бидејќи секторот за природен гас е регулиран на ниво на единица на заедницата и има три одделни ОПС („БХ Гас" во БИХ и „Гас промет" и „Сараевогас Источно Сараево" во РС), преносниот систем за гас се користат крајно неефективно.[48] Освен тоа ширењето на мрежата после 2013 г., например изградените гасоводи Зеница – Травник во БИХ и Сепак – Бијелина во РС со цел подобрување на ефективноста на гасодистрибутивниот систем и ширење на достапот на потрошувачите до снабдување со гас, се уште не функционираат. Првиот е блокиран од дело, заведено од главниот изведувач, кој се жали од самоволно прекинување на договорот за градба од „БХ Гас".[49] Вториот не функционира заради спор кој би требало да управува со гасоводот помеѓу ОПС, „Сараевогас Источно Сараево", кое друштво е и оператор на дистрибутивен систем (ОДС) или снабдувачот на мало „ГАС РЕС", кој е сопственост на владата на РС.

Основната причина за неефективноста на гас секторот во Босна и Херцеговина, која Русија ја користи, е незапазувањето на условите на Третиот енергетски пакет на ЕС. Ниту БИХ, ниту РС ги имаат разделено дејностите за пренос и снабдување во своите гас компании, исто така „БХ Гас" и „Сараевогас Источно Сараево". Владата на РС категорично предвиде ослободување од правилата за поделба на дистрибутивните друштва со помалку од 100,000 корисници (една скоро неможна цел), кои учествуваат едновремено во снабдувањето и во трговијата со гас. Постојаните повреди на достигнувањата на правото на ЕУ во областа на природниот гас од Босна и Херцеговина ја принудија Европската комисија да примени уште неконкретизирани мерки против владите на двете единици на заедниците. Тие мерки помеѓу другото, може да вклучат и повлекување на европското финансирање на проекти за енергетска инфраструктура и дури исклучување на земјата од Договорот за Енергетска заедница. Последното би ги забавило значајно преговорите за присоединување кон ЕУ, во кој енергетиката е една од основните глави во преговорите.

Русија употребува различни стратегии спрема БИХ и РС, што може да се објасни со нејзините политички приоритети. Друг пример

[47] Европската енергетска заедница (2017). Годишен извештај за извршувањето. 1 септември 2017 г., Секретаријат на Енергетска заедница.

[48] Европска енергетска заедница (2017). Годишен извештај за извршувањето. 1 септември 2017 г., Секретаријат на Енергетската заедница.

[49] Центар за истражувачка журналистика (ЦИЖ). (2016). „Скап и некорисен гасовод" 22 септември 2016 г., последно реализиран достап на 18 декември 2017 г. на https://www.cin.ba/en/skupi-beskorisni-gasovod/

за преференцијалното третирање на РС од „Гаспром" е договорот со Русија од 2017 г. Согласно на него, „ГАС РЕС" не е задолжен да учествува во плаќањето на долгот од 98 милиона сад.д., насобран од Босна и Херцеговина за доставка на гас од Русија за време на војната во 1992 – 1995 г. и само „БХ Гас" од БИХ треба да го носи тој финансиски товар.[50] Во мај 2017 г. Русија побара по официјални патишта полно плаќање на долгот после договорот од март 2017 г. Помеѓу Босна и Херцеговина и Русија за уредувањето на 125.5 милиони сад.д. долг на СССР кон социјалистичка Југославија.[51] БИХ требаше да добие 58 проценти или 72.6 милиони сад.д. од долгот; РС – 29 проценти или 36.3 милиони сад.д.; босанските државни институции – 10 проценти или 12.5 милиони сад.д., а регионот Брчко – три проценти или 3.8 милиони сад.д.[52]

Босна и Херцеговина беше последната држава од бивша Југославија, која го регулира својот спор за долгот од советско време со Русија дури во 2017 г. Освен тоа Босна и Херцеговина е единствената балканска држава, која го добила во готово својот дел од договорот за Рускиот долг после распадот на Југославија. Друштвото „БХ Гас" се пожали, дека решавањето на прашањето за долгот за испорака на гас било намерно управувано неправилно во корист на РС.[53]

Како резултат на прераспределбата на товарот на долгот целосно кон БИХ, финансиската положба на „БХ Гас" се влоши, што го доведе во опасност снабдувањето со гас на Сараево. Откако ја поврати готовината од Москва, „БХ Гас" се уште му должи на „Гаспром" 25.4 милиони сад.д. БИХ изрази загриженост, дека РС може да ја искористи својата географска положба на транзитен регион за гасоводот преку Зворник, и да ја спречи доставката на гас за БИХ под притисок од „Гаспром". РС веќе му помогна на рускиот добавувач да ја заобиколи БИХ во преговорите за „Јужен поток" и соработува во прекинување на градењето на нови гасоводи кон алтернативни извори на гас. Целосната контрола од страна на РС врз испораките на природен гас за целата територија на Босна и Херцеговина би ги изложил на ризик корисниците на гас во БИХ, на кои им отпаѓа половината от вкупната побарувачка гас во земјата.

Соочена со напуштениот „Јужен поток" и недостатокот на напредок на гасоводот TESLA, Русија направи нова стратегија на зголемување на доставките на гас за РС. Во средината на декември 2017 г. „ГАС РЕС" и „Гаспром СПГ" – подружница на рускиот државен гасен гигант, се договорија за создавањето на мешовито друштво за изградба на фабрика за течен природен гас (ТПГ) во град Зворник на границата со

[50] Garaca, Маја (2017). „Русија бара од Босна да го плати од 98 млн. уса.д. за испорака на гас", 16 мај 2017 г., последно реализиран достап на 13 ноември 2017 г. на адреса https://seenews.com/news/russia-seeks-repayment-of-98-mln-gas-debt-from-bosnia-report-568868#sthash.WBIlPSFD.dpuf

[51] Garaca, Маја (2017). „Босанскиот „БХ Гас" потврди, дека Русија бара плаќање на долгот за испорака на гас", 18 мај 2017 г., последно реализиран достап на 13 ноември 2017 г. на адреса https://seenews.com/news/ bosnias-bh-gas-confirms-russia-seeks-repayment-of-gas-debt-569151

[52] Пак таму.

[53] Пак таму.

Србија, таму каде што рускиот гас влегува во РС.[54] Новиот проект би можел да се разбере како обид за замена на „Јужен поток".

Освен тоа РС вложи напори да не допушти отворање на нова траса за доставка на гас кон БИХ од Хрватска, така да го задржа својот монопол врз снабдувањето за БИХ. За да го постигне тоа, РС го ограничи обемот и големината на гасоводот со низок притисок, кој според планот треба да биде изграден исклучиво за потребите на Нафтената рафинерија во Брод (друштво, приватизирано со руски капитал со посредување на власта на РС). За да се достигне успешна и целосна диверсификација на снабдувањето со гас во БИХ е неопходен гасовод со висок притисок, како предложената порано меѓусистемската врска Брод – Зеница од Хрватска (гасоводот „Север – југ"). Тој гасовод, изграден од „БХ Гас" со финансирање од ЕБРР, требаше да обезбеди не само за БИХ, но и на целата земја достап до алтернативен извор на снабдување. Гасоводот „Север – југ" требаше исто така да ја намали употребата на мазут за отоплување во термоцентралите во земјата, кои се голем извор на загадување.

РС секогаш се спротивставувала на проектот за гасовод „Север – југ",[55] и наместо тоа го предложи гасоводот „Сава" (познат исто како гасоводот „Исток – запад", кој исто требаше да стигне до хрватската граница, транспортирајќи го рускиот гас). „Сава" беше замислен од „Гаспром" и српскиот снабдувач на гас „Србија гас" во 2002 г., но за него не беше постигнат никаков напредок.

Во 2017 г. Хрватска и БИХ превзедоа чекори за обновувањето на гасоводот „Север – југ". Во април „Плинакро" (хрватска компанија за гас) и „БХ Гас" се договорија да соработуваат за поврзувањето на гасоводните мрежи на Хрватска и Босна и Херцеговина преку 160 км гасовод на вредност од 80 милиони евра, така да БИХ да има достап до планираниот терминал за втечнен природен гас во Крк на јадранскиот брег.[56] Согласно на тој договор гасоводот ке го поврзува Загвозд, Имотски, Посусје и Травник/Нови Травник. Додавањето на оваа алтернатива би и помогнало на Босна и Херцеговина да ги исполни барањата на Енергетската заедница, согласно на кои земјата треба да има повеќе од три извори на снабдување со гас.[57] Планираната нова гасоводна мрежа, која ја поврзува Босна и Херцеговина и Хрватска, е дел од иницијативата на Енергетската заедница за завршување на Гасен прстен на Западниот Балкан, кој да биде поврзан со Јонско – јадранскиот гасовод (ЈЈГ) по

---

[54] Ројтерс (2017). „Босански и руски компании за гас ќе оформат мешовито друштво". 16 декември 2017 г.

[55] Pavlic, Vedran (2017). „Босанските срби го отфрлаат хрватскиот гас", 5 март 2017 г., последно реализиран достап на 13 ноември 2017 г. на адреса https://www.total-croatia-news.com/business/17230-bosnian-serbs-reject-croatian-gas

[56] „Босна, Хрватска: нов трансграничен гасовод" SEE Energy News, 18 мај 2017 г., последно реализиран достап на 14 ноември 2017 г. на адреса https://serbia-energy.eu/bosnia-croatia-new-cross-border-gas-pipeline/

[57] Енергетската заедница го гарантира спроведувањето на правото на ЕС во областа на енергетиката во државите членки. Регулативата на мерките за гарантирање на безбедноста во снабдувањето на гас (994/2010/ЕС), во која е поставено правилото за трите извори, е дел од достигнувањата на правото на ЕС.

јадранското крајбрежје и евентуално на Трансјадранскиот гасовод (ТЈГ) во Албанија. И покрај што РС може да ја користи можноста за добивање на алтернативни снабдувања со гас, општествената единица реши наместо за тоа да се концентрира на управуваните од Русија гасоводи со потекло од Србија.

Руското присуство во нафтениот сектор во Западниот Балкан е поголемо и многу подиректно. Помеѓу 2003 и 2008 г. руските државни и приватни фирми добија значаен, а во случајот со Србија и Босна и Херцеговина полна ефективна контрола врз пазарите на нафта. Во Србија „Гаспром" ја купи во 2008 г. националната нафтена компанија „НИС", а во 2003 г. Приватната руска компанија „Лукоил" го купи вториот најголем трговец на горива на мало „Беопетрол". Овие две руски фирми доминираат во рафинирањето, трговијата на големо и на мало.[58] По податоци од 2015 г. НИС е сопственик на 325 бензински станции (24 проценти од сите бензински станици во Србија), а „Лукоил" поседува 148 (10 проценти), кое ги прави двете најголеми мрежи за продажба на мало во Србија. Освен тоа НИС доставува 78 проценти од горивата, продавани од конкурентските бензиски станици за продажба на мало. Тие податоци покажуваат, дека компаниите во сопственост од Русија имаат скоро целосна контрола и монопол врз пазарот на горива со повеќе од една третина од пазарот на мало, целиот капацитет за рафинирање и повеќето објекти за складирање за трговија на мало. Освен тоа од 1,576 илјади тони нафтени производи, продадени на српскиот пазар на мало во 2014 г., 642 илјади тони (41 проценти) се продадени во бензиските станици на НИС. Тие податоци покажуваат, дека Русија има скоро полна контрола врз нафтениот пазар и така трупа огромни профити од својот монопол. И покрај што во 2014 г. цените на суровата нафта се снижија со повеќе од 50 проценти, цените на мало на бензинот и дизелот се намалија помеѓу 4.4 и 10.4 проценти, кое е далеку под падот, регистриран од европските индекси за трговија со нафта како котирањето Platt's Mediterranean Quote.[59]

Во Босна и Херцеговина руската државна нафтена компанија „Зарубежнефт" спечали во 2007 г. аукции за приватизација на две рафинерии – „Рафинерија Нафте Брод" и рафинеријата за масла во Модрича – за вкупна сума од 125.8 милиони евра – доста под првичната цена од 285 милиони евра, побарана во 2005 г. Руски високо поставени лица го опишаа проектот во политички и економски однос како дел од една поширока стратегија за зацврстување на сојузништвото со земјите од Западниот Балкан („Зарубежнефт" зеде заем од руската

---

[58] Друштвото агресивно го прошири своето присуство во целиот регион, навлегувајки на пазарите на горива на големо и на мало во Србија, Романија, Бугарија и Босна и Херцеговина и веќе управува 400 бензински станици во регионот. НИС управува 37 бензински станици во Босна и Херцеговина, што го прави едно од најголемите предпријатија за продажба на мало (11 проценти од целиот пазар на горива) во земјата.

[59] *Извештај о секторској анализи тржишта трговине на велико и трговине на мало дериватима нафте у 2015. години*, Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Србија, декември 2016 г., стр. 35, http://www.kzk.gov.rs/kzk/wp-content/uploads/2017/01/Izvestaj-o-sektorskoj-analizi-trzista-trgovine-na-veliko-i-trgovine-na-malo-derivatima-nafte-u-2015-godini.pdf

државна Банка за развој, за да ги купи двете рафинерии).[60] Рафинериите станаа јадро на руската „Оптима груп", која во 2011 г. обезбеди 19 проценти од БДП на Босна и Херцеговина според годишниот извештај на друштвото.[61] „Зарубежнефт" доби исто дел од 80 проценти во „Нестро петрол" – добавувач на горива на големо и на мало, кој денес е најголемиот синџир од бензински станици во земјата. Така „Оптима груп" контролира околу 35 проценти од пазарот на горива на големо во Босна и Херцеговина. Тоа преставува намалување од 60-те проценти, регистрирани во 2011 г., што е резултат од растечката конкуренција од страна на хрватската компанија ИНА и навлегувањето на помали трговци како што е „НИС" на „Газпром" со удел од седум отсто од пазарот.[62] И покрај тоа, фактот, дека „Зарубежнефт" ги поседува двете рафинерии и поголемиот дел од нафтената инфраструктура во земјата дозволува да ја модернизира понудата и да ја поткопа конкуренцијата.

Во Македонија и Црна Гора „Лукоил" го прошири своето пазарно присуство и стана вториот најголем добавувач на горива на мало. „Макпетрол" е најголемиот дистрибутор на нафтени продукти, како сопственик на околу половина од бензинските станици во Македонија. Во Црна Гора лидер на пазарот е „Југопетрол" – сопственост на грчката државна компанија Hellenic Petroleum.

Засега „Лукоил" контролира околу десет проценти од крајните продажби на горива во секоја една од двете земји и не може да влијае на формирањето на цени така успешно, како во соседна Бугарија, каде ја поседува најголемата рафинерија во Југоисточна Европа и ја извезува повеќе од половината од својата продукција за Македонија, Грција, Турција, Србија и Црна Гора. Пред 2012 г. Македонија го внесуваше поголемиот дел од суровиот петрол од Русија (макар да увозот падна од 497 милиони сад.д. во 2012 г. до скоро нула во 2014 г.).[63] Во Македонија е целосно зависна од увозот на сурова нафта од пристаништето во Солун во Грција преку нафтовод до рафинеријата „ОКТА" близу до Скопје, купена од Hellenic Petroleum во 1999 г. За да покрие дел од своите долгови спрема меѓународните кредитори, грчката влада предложи да го продаде својот држа-

[60] Sito-Sucic. (2009). „Во повторното отворање на босанската рафинерија се осеќа раката на Русија", New York Times, 6 јануари 2009 г., последно реализиран достап на 15 ноември 2017 г. на адреса http://www.nytimes.com/2009/01/06/business/worldbusiness/06iht-bosoil.4.19127279.html. Во 2011 г. РС му достави на мешовитото предпријатие на „Зарубежнефт-НИС" „Јадран-Нафтгас" 28 годишна ексклузивна концесија за проучването и производството на нафта и гас на нејзина територија (но не и на територијата на ФБХ). „Јадран-Нафтгас" требаше да инвестира 41 милиони уса.д. во проучвањето на наоѓалишта во првите три години и 188 милиони уса.д. за следните 25 години. До овој момент нефтените наоѓалишта се откриени на неколку места во североисточна Босна и Херцеговина, кое може дополнително да го засили присуството на Русија во нафтениот сектор, ако и кога ќе започне производство. И покрај тоа, независно од првобитното воодушевување, засега активностите на учесниците е сосема слаба.

[61] Годишен доклад на „Зарубежнефт" за 2011 г. Тази цифра значително превишава руския корпоративен отпечатък от анализа по оборот, който оценява дела на оборота на руските фирми в общия оборот на икономиката.

[62] Годишен извештај на „Зарубежнефт" за 2016 г. Во 2011 г. компанијата контролира близу половината от целиот пазар.

[63] Опсерваторија за сложеност на економијата. Што внесува Македонија од Русија?, последно реализиран достап на 16 ноември на адреса: http://atlas.media.mit.edu/en/visualize/line/hs92/import/mkd/rus/show/1995. 2015/

вен дел во Hellenic Petroleum. Како и „Роснефт", така и „Гаспром" изразија интерес за купување. Ако грчката компанија беше навлегла под руска контрола, тоа значајно ќе го зголемеше руското корпоративно присуство во нафтените сектори на Македонија и Црна Гора.

Сомневањата за корупција го помрачија проширувањето на рускиот корпоративно присуствово нафтениот сектор на регионот. Тие се појавуваа на секој степен: за време на приватизацијата на нафтените активи, исполнувањето на приватизациските договори и злоупотребата со доминантната положба на пазарот за целите на формирање на неконкурентни цени и даночно затајување. Купувањето од „Гаспром" на контролниот дел во НИС по цени под пазарните отвори сериозни прашања и доведе до основани тврдења за корупција.[64] По предходните оценки на приватизационите консултанти од 2006 г. Вкупната цена на НИС била меѓу 1.2 и 1.6 милиарди евра. Со други зборови 51 проценти од НИС чинеле 612-816 милиони (без вредноста на локалните нафтени резерви). Договорот и протоколот ја определуваат цената за купување на контролниот дел во НИС на 400 милиони евра со задолжување за „Гаспром" да ја финансира програмата за модернизација на вредност од 500 милиони евра. После тоа „Гаспром" зема кредит, за да ги исполни своите задолженија, наместо да го употреби сопствениот капитал. Користејќи долг наместо сопствен капитал, „Гаспром" го ангажира НИС да го исплати кредитот со камата. Освен тоа договорот му донесе на „Гаспром" поволни услови за печалба од нафта и гас во Србија. Тоа го определи за НИС данокот на добивка на природни суровини во износ од три проценти (помалку од седумте проценти за останатите друштва во земјата и многу под нивото согласно меѓународната пракса, која е помеѓу 15 и 30 проценти) и ја ослободи компанијата од идно увеличување на данокот до моментот, во кој таа да стане активна. Кога се има во предвид големината на проектот на „Гаспром" за модернизација и добивање на нафта и гас, која подразбира недостаток на профит за компанијата, така примените услови по договорот може да означуваат, дека српската држава решила да се откаже од потенциајлни идни приходи. Повеќето високи српски службеници од енергетиката тврдат, дека данокот врз добивката на подземни богатства за НИС треба да остане непроменет до 2038 година. Во 2009 г. српскиот уставен суд ја потврди уставноста на двострано склучениот договор.[65] Крајно привилегираното даночно третирање и положба

[64] Уште пред изборот на Александар Вучиќ го критикуваше корупцискиот карактер на договорот со „Гаспром" и купувањето на „НИС", и изјави, дека во државниот буџет треба да се влева поголем дел од неговата печалба, а приходите треба да се употребат за исплата на долгот на „Србија гас" кон „Гаспром". Кога Вучиќ стана премиер, обвинителот на Србија започна истрага на зделката од 2008 г. Медиумите соопштија, дека истрагата требаше да изврши притисок врз руската страна да се здобие со петрохемиската компанија „Петрохемија", која во 2014 г. му должеше околу 20 милиони евра на НИС за горивото, кое го користи за своето производство. Истрагата заврши во 2016, но не беше издадено обвинение.

[65] Центар за меѓународни прашања и сигурност – фонд ISAC и правна канцеларија „Nikolić, Kokanović, Otašević", (2009), „Pravna analiza aranžmana između Srbije i Rusije u oblasti naftne i gasne privrede," 21 декември 2009 г., стр. 6, реализиран достап на 21 декември 2017 г. на адреса https://www.isac-fund.org/download/Pravna%20Analiza%20Aranzmana%20Rusije%20i%20Srbije%20u%20obalasti%20Naftne%20i%20Gasne%20Privrede-FINAL.pdf

на руската компанија на пазарот се помеѓу нај спорните клаузули на договорот.[66]

Приватизирањето на „Беопетрол" од „Лукоил" во 2003 г. исто така предизвика вознемиреност од руското влијание. Според приватизацискиот договор „Лукоил" се задолжува да инвестира 106.8 милиони усд. во инфраструктурата на компанијата. Во извештајот за приватизацијата на „Беопетрол" од септември 2013 г. српскиот Совет за борба со корупцијата тврди, дека „Лукоил" не го почитувала договорот и така има направено штети на компанијата за милиони американски долари. Според извештајот на Советот, наместо да инвестира во инфраструктурата на „Беопетрол", „Лукоил" го прекршила приватизацискиот договор што фактички зела средства од „Беопетрол", за да и обезбеди заем на компанијата мајка во големина од 120 милиони сад.д. или околу 90 проценти од тоа, што ги платила за купувањето на државната компанија. Советот тврди, дека српската Агенција за приватизација реално не го контролирала процесот и не му попречила на „Лукоил" да ги изврши уплатите за заемот.[67] Освен тоа тогашниот шеф на „Лукоил" во Србија Срџан Дабиќ, кој учествувал во приватизацијата, бил поврзан со градоначалникот на Белград Синиша Мали (близок соратник на тогашниот премиер на Србија Александар Вучиќ), кој во 2012 г. купува 14 станови на црноморското крајбрежје од Дабиќ за 6.1 милиони уса.д.[68] Мали негира дека ги купил становите.[69]

Нетранспарентните и неконкурентни приватизациски процеси се искористени системски за стекнување на стратешки активи во регионот. По сличен начин Русија стекнува нафтени, гасни и производни активи во Србија, Бугарија, Македонија и Црна Гора. Во тие договори активите често се подценети, а новите сопственици во многу случаи не ги исполнуваат договорените инвестициски планови, управувајќи ги друштвата кон загуби и декапитализација. Тоа често предизвикува суштински негативен ефект врз самите држави, бидејќи тие големи компании губитници најчесто не плаќаат корпоративни даноци и не создаваат нови работни места, а тоа води до фискална и социјално економска ранливост.

---

66 Рударската такса за „НИС" („Гаспром") е седум проценти од приходите, додека друштвото плаќа само три проценти. Во многу други земји – производи на нафта и гас таксата е меѓу 20 и 30 проценти.

Serbia Energy. (2017). „Српската добивка од руди: според експерти шансите за зголемување на таксата од добивка од рударство во Србија се мали". 23 февруари 2017 г.

67 Dojčinović, Stevan, Peco Dragana и Чобанов, Атанас. (2015). „Скриените имоти на градоначалникот". ПДОПК. 19 октомври 2015 г., последно реализиран достап на 30 ноември 2017 г. на https://www.occrp.org/mayorsstory/The-Mayors-Hidden-Property/index.html

Приватизацијата на „Беопетрол" а.д., Совет за борба со корупцијата, Владата на Србија, бр. 72, 30 септември 2013 г. Скратената варијанта на извештајот е објавена на српски јазик во вебсајтот на Советот на: http://www.antikorupcija-savet.gov.rs/sr-Cyrl-CS/izvestaji/cid1028-2379/izvestaj-o-privatizacijibeopetrola-ad. До 2016 г. Советот се уште ги подржува своите тврдења и покрај жестоките протести од страна на „Лукојл". Види. например тој извештај во скратен вид од вестник „Данас" на српски јазик: http://www.antikorupcija-savet.gov.rs/sr-Cyrl-CS/radio-televizija-i-stampa/cid1037-3112/beopetrol-je-bukvalno-kupio-samog-sebe

68 Пак таму.

69 „Mali: Nemam milione ni 24 stana, podneo sam prijave", 24 декември 2015 г., N1, последно реализиран достап на 21 декември 2017 г. на http://rs.n1info.com/a120718/Vesti/Mali-Nemam-milione-ni-24-stana.html

По сличен начин приватизацијата на рафинеријата во Босна и Херцеговина се реализира без аукција и без јавна дебата. Таа е затворена набргу, веројатно со цел да се спасат три банкротирани државни компании со долг од над 72 милиони евра. „Зарубежнефт" се обврзува да ги исплати заостанати суми и да инвестира уште 600 – 700 милиони евра во модернизацијата на објектите.[70] Независна ревизија, извршена од Делоит во 2015 г., покажа, дека „Оптима груп" е соочена со сериозна должничка криза, со краткорочните долгови кои ги надминуваат нејзините активи од 20 милиони евра (во 2016 г. вкупниот долг на компанијата излегува над 320 милиони евра) и дека раководството на холдингот извршило редица сомнителни зделки.[71] Лидерите на опозицијата и некои експерти тврдат, дека овие договори се потенциален извор на операции за перење на пари од раководството на РС, како и за насочување на руската политичка подршка.[72] Според друга теорија Русија заплашувала дека ќе ги сопре испораките на нафта за рафинеријата во Брод, ако таа не стане сопственост на руска компанија.[73]

РС не успеа да го спроведува извршувањето на договорените услови за продажба на рафинеријата, кои вклучуваа инвестиции во модернизацијата на производствените објекти и зголемување на производствениот капацитет. До 2016 г. Оптима Груп инвестира едвај 120 мил. евра во модернизација и зголемување на капацитетот на рафинеријата, кое е шест пати помалку од првичниот ангажман за минимум 675 милиони евра инвестиции.[74] Од тогаш се одржани неколку средби на високо ниво со учеството на „Зарубежнефт" и претседателот Додик, на кои според различни информации, руската компанија ветува дополнителни инвестиции за милиони. Во јуни 2017 г. „Зарубежнефт" ги објавува своите планови за изградба на гасовод со низок притисок од рафинеријата во Брод до Хрватска, кој има за цел да ги намали високите нивоа на загадување на воздухот во Хрватска и во долината на Брод во РС.[75] Таа порака дојде помалку од месец после средбата на министрите за надворешни работи на Русија и Хрватска за проблемот со загадувањето на Славонски брод. „БХ Гас" му се противставува на тој градежен проект и изјави, дека тој ќе го блокира алтернативниот систем за гас, меѓусистемското поврзување од Босна кон Хрватска за снабдувањето на двете општествени единици, како и на рафинеријата во Брод.[76]

Насобраниот долг од околу 300 милиони евра од рафинеријата во Брод го засегна обемот на нејзината продукција и го поттикна нејзиното ра-

---

70 Повторно таму.

71 Panic, Katarina (2015). „Босанската нафтена компанија погодена од кризата ги продава активите на бесценица, за да собере сретства", BalkanInsight, 26 јуни 2015 г.

72 Пак таму.

73 RWR Advisory Group (2016). „Проценка на економските и финансиските закани за Босна и Херцеговина: проценка на руските државни предпријатија во Босна и Херцеговина". RWR, 4 март 2016 г.

74 Вебстраница на „Оптима груп", последно реализиран достап на 15 ноември на адреса http://optimagrupa.net/en/o-nama/

75 Види. Energy News (2017). „Зарубежнефт" се интересира од изградбата на гасоводот со низок притисок за поврзување на БХ и Хрватска", Види. Energy News, 14 јуни 2017 г.

76 Повторно таму.

ководство да започне со продажба на некои помалку важни активи. Според лидерот на Народното демократско движење (НДП) тоа не е во согласност со договорот за приватизација. Друштвото за ревизија КПМГ во извештајот од 2016 г., вели дека „Оптима груп" не ќе преживее без помош од матичната компанија[77] Сепак, континуираните негативни финансиски резултати не доведоа до продажба на целата фирма, а некои експерти тврдат дека „Оптима груп" ги задржува инвестициите во земјата од политички причини.[78]

## Засилување на руското присуство во финансискиот сектор

### Банки

Присуството на Русија во финансискиот, банкарскиот и осигурувачки сектор во регионот е ограничено. Но, неможноста на хрватскиот гигант за малопродажба „Агрокор" да ги плаќа своите обврски кон руската државна „Сбербанк" може да го промени тоа и да даде можност на Москва да го прошири своето политичко влијание во регионот. Ако фирмите ќерки на „Агрокор" во Србија не ги исполнуваат своите обврски кон Сбербанк, тоа би можело да предизвика ефект на домино и да доведе до фалит на стотици претпријатија, кои се во зависност од испораките на Агрокор, а тоа да доведе до масовни отпуштања, и соодветно социјални тензии и политичка нестабилност.

Пред анализата на несаканите последици од должничката криза во „Агрокор, овој извештај ја истражува структурата на руското присуство во финансискиот сектор на земјите од Западен Балкан. Во текот на изминатата деценија во регионот се активни две големи руски државни банки „Московска банка", сега дел од групацијата на „ВТБ", која ја отвори својата прва филијала во 2008 г. како инвестиција на зелено и руската државна „Сбербанк", која навлезе на пазарот во 2012 г. кога го освои бизнисот на Volksbank International во Централна и Источна Европа. Друга мала локална институција – „Марфин банка" – неодамна беше купена од чешката „Експобанка", сопственост на рускиот бизнисмен Игор Владимирович Ким. Има непроверени докази за односи на Ким со претседателот Путин.[79] Од четирите анализирани држави овие банки работат единствено во Србија и Босна и Херцеговина.

По влегувањето во Србија, „Сбербанк" изрази подготвеност да инвестира 100 милиони евра во српските извозни компании, поврзани со

[77] Garac, Maja (2017). „Без помош од руската компанија – мајка, иднината на босанската рафинерија во Брод е несигурна", SeeNews, 11 април 2017 г., последно реализиран достап на 15 ноември на адреса https://seenews.com/news/future-of-bosnian-oil-refinery-brod-uncertain-without-aid-from-russian-parent-kpmg-564876#sthash.x7isjvaW.dpuf

[78] Djurdjevic, Maja (2016). „Руските политички интереси ги движат инвестициите во Босна", 4 јули 2016 г., последно реализиран достап на 15 ноември 2017 г. на адреса http://www.balkaninsight.com/en/article/russia-s-political-interests-drive-investments-in-bosnia-06-30-2016

[79] Bjelotomic, Snezana. „Марфин банк: човекот на Путин Игор Ким доби зелена светлина за стекнувањето". Serbianmonitor.com. 30 ноември 2016 г.

рускиот пазар, како и да помогне за привлекувањето на стратешки партнер за купување на фабриката за челик во Смедерево.[80] Досега, „Сбербанк" не го зголеми значајно својот удел на пазарот во Србија и одржува релативна профитабилност од предходниот собственик на активите. Првичните планови на банката да го финансира купувањето на Смедеревскиот производител на челик останаа само формален договор, а соработката со компаниите кои извезуват во Русија не се реализира во поголем обем.[81] „Сбербанк" ја задржа инвестициската политика на австрискиот предходник и не воспостави соработка со нај големите приватни компании во Србија, бидејки многу од нив се во сопственост на локални бизнесмени.[82] „Сбербанк" смета дека овие предпријатија се ризични, а некои банки во Србија банкротираа во 2008-2015 г., веројатно заради политичко влијание во нивните активности. И покрај тоа на крајот на 2013 г. „Сбербанк" се заинтересира за купување на Комерцијална банка или „Банка Интеса" (српска филиала на италјанската Banka Intesa), бидејки таа е нај голем доверител на „Србија гас".[83] Сепак не се постигна договор и зделката остана без развој во последните четири години.

„Сбербанк" има 51 експозитури во Босна и Херцеговина. Според проценката на банкарскиот сектор, објавена од ММФ во 2015 г.[84] „Сбербанк" е шестата по големина институција во земјата од гледна точка на активите. Таа има околу 100 000 клиенти и активи во вредност од 593 милиони евра (5 проценти од вкупните активи на банкарскиот систем во Босна и Херцеговина) или два пати од нејзините активи во 2012 г., при нејзиното влегување на пазарот.[85] Нејзиното кредитно и депозитно портфолио, исто така, покажуват стабилен пораст на околу 473 и 390 милиони евра во 2016 г. Интересите на „Сбербанк" главно се однесуваат на корпоративните финансии и енергетските проекти.

„Сбербанк" е поактивна во Република Српска, каде што е четврта по големина банка. Таа ја сервисира „Оптима груп" и енергетската компанија EFT. EFT е во сопственост на офшорни компании во Обединетото кралство, за кои се претпоставува дека се под контрола на српскиот бизнисмен Вук Хамович. Службата на Обединетото кралство за спечување на измами веќе го испитуваше Хамович за меѓународна корупција во врска со наводните нелегални трансакции за трговија со електрична енергија и манипулирање со странска помош и покрај што случајот беше затворен.[86] Во 2014 г. „Сбербанк" ја финансира EFT за набавка на опрема за рударство и транспорт за рудникот за јаглен во Станари, вреден 21.2 милиона евра. Рудникот требаше да ја снабдува со јаглен термоцентралата во Станари со

---

80 „Sberbanka traži partnera za Železaru Smederevo," вебсајт на РТ Војводина, 23 август 2012 г., http://rtv.rs/sr_ci/ekonomija/sberbanka-trazi-partnera-za-zelezaru-smederevo_338100.html

81 Интервју со извор, близок до „Сбербанк Србија", 7 август 2017 г.

82 Повторно таму.

83 „Rusi žele Komercijalnu banku?," B92, 25 ноември 2013 г., http://www.b92.net/biz/vesti/srbija.php? yyyy=2013&mm=11&dd=25&nav_id=781821

84 Извештајот е на адреса: https://www.imf.org/external/pubs/ft/scr/2015/cr15213.pdf

85 Годишен извештај за 2016 г. на „Сбербанк Босна и Херцеговина", реализиран достап на адреса https://www.sberbank.ba/upload/docs/sb_en_online_ZOG.pdf

86 Leigh, David и Evans, Rob. „Служба за борба со измами прекина дело за корупција во Босна". „Гардиан", 3 јуни 2008 г.

моќност од 300 MW, изградена со заем од Кинеската банка за развој во висина од 350 милиони евра.[87]

Во целост „Сбербанк" е релативно пасивна во својата дејност во Западен Балкан. Меѓутоа, важен исклучок е инвестицијата во нај големиот трговски синџир за малопродажба во регионот – хрватскиот холдинг „Агрокор". Се претпоставува дека друштвото, за чиј сопственик, Ивица Тодорович се тврди, дека повеќе години одржува блиски контакти со хрватската влада, е високо централизирано и во целина непреструктуирано предпријатие. Сметајќи исклучиво на банкарски кредити, компанијата се прошири во скоро сите држави од Западен Балкан. Во почетокот на 2017 г. „Агрокор" запослува околу 60 000 луѓе од целиот регион, а приходите се на околу 15 проценти на БДП на Хрватска. Во исто време, компанијта акумулира големи долгови во вкупната вредност од околу 6,4 млрд. сад.д. или шес пати од неговиот сопствен капитал.[88] Околу 18 проценти од неговиот долг е кон „Сбербанк", а задолжувањата кон „ВТБ" се на вредност од 300 милиони евра (5,4 проценти од сите кредити) (види слика бр. 8). Во 2014 г. „Сбербанк" го подржа купувањето на словенечката верига за мало „Меркатор", сопственик на српскиот синџир „Рода", од страна на „Агрокор". За време на купувањето на „Меркатор" од страна на „Агрикор" западните кредитори беа скептични за способноста на компанијата да го финансира купувањето. „Сбербанк" беше единствената институција што го подржа хрватскиот холдинг, со тоа што му одобри заем од 600 мил. евра, проследен од втор заем од 400 мил. евра за подобрување на финансиското здравје на компанијата. „Агрикор" ги искористи како обезбедување на кредитот акциите од некои од своите поголеми ќерќи фирми, вклучувајќи ги оние базирани во Харватска „ПИК Винковци", „Ледо", „Звезда" и „Јамница".

И покрај растечкиот долг и нестабилниот раст, „Агрокор" одржува релативна стабилност до февруари 2017 г., кога амбасадорот на Русија во Харватска, Анвар Азимов заплаши, дека друштвото „ќе мора да ги врати кредитите, земени од Русија и од руските банки или да ги прифати последиците".[89] Тој додаде дека, компанијата има финансиски проблеми и овој пат руските банки не ќе можат да помогнат. Оваа изјава испрати серија од ударни бранови низ целиот пазар. Во наредните денови, кредитните агенции го намалија рејтингот на долгорочниот долг на „Агрокор", предизвикувајќи паника меѓу доверителите кои масовно побараа враќање на своите заеми. Подоцна, „Сбербанк" објасни дека не е заинтересиран за добивање на фирмите на „Агрикор", току само од подобрување на управувањето на холдингот.[90]

---

87 EFT (2014). „Взаемен договор за рудник „Станари" заклучен денес", изјава за печатот од EFT, публикуван на 16 април 2014 г., последно реализиран достап на 1 декември 2017 г. на: http://www.eft-group.net/index.php/news/single/68/Loan-Agreement-for-the-Stanari-Mine-Signed-Today

88 Илич, Игор. „Хрватска усвои нов закон, за да ја заштити економијата од кризи како таа на „Агрокор"", Ројтерс, 6 април 2017 г.

89 „Rusija više neće davati kredite Agrokoru – Hrvatski koncern moraće da vrati pozajmljeni novac," E-Kapija, 11 февруари 2017 г., http://www.ekapija.com/news/1669550/rusija-vise-nece-davati-kredite-agrokoru-hrvatski-koncern-morace-da-vrati-pozajmljeni

90 „Vučić pred susret s Putinom: Sberbank preuzima 52 % udjela u Agrokoru," SEEbiz, 26 март 2017 г., http://www.seebiz.eu/vucic-pred-susret-s-putinom-sberbank-preuzima-52-udjela-u-agrokoru/ar-153125/

Во обид да го консолидира „Агрокор" во март 2017 г. „Сбербанк собра уште четири кредитори („Привредна банка Загреб", „Рајфајзен банка Австрија", „ВТБ банка Австрија АГ" и „Загребска банка") и емитира голем синдикиран кредит под услов „Агрокор" да постави ново раководство од независни експерти. Во истото време Харватска прими специјален закон за преструктуирање на упрвувњето на друштва од системско значење за економијата (наречен подоцна „Лекс" „Агрокор"), чија непосредна цел е да го стабилизира „Агрокор". Овој закон ефективно го спречи евентуалното освојувањето на „Агрокор" од „Сбербанк", кое веројатно било предмет на разговор помеѓу харватскиот претседател Грабор – Китаровиќ и претседателот Путин на 19 октомври 2017 г.[91]

„Лекс Агрокор" наметнува принудно државно управување на претпријатија со повеќе од 5,000 запослени и долгови над милиарда евра, во зависност од нивните взаемни договори. Слично на тоа, словеначкиот парламент го донесе „Лекс Меркатор", за да ја заштити словеначката фирма – керка на „Агрокор", за да не се користат активите на „Агрокор„ за покривање на долгот. Во почетокот на 2017 Хрватска назначи специјална администрација, која да управува со друштвото во наредните 15 месеци. Новото ракаводство на „Агрокор" успеа да го убеди фондот American Knighthead Capital Management (АКСМ), кој е специјализиран за несолвентни предпријатија, да обезбеди кредит во размер на 480 милиона евра во корист на „Агрокор". „Сбербанк" ја отфрли зделката и поднесе побарување за активите на компанијата во Србија и Босна и Херциговина, кои се користеа како залог за кредитирање на „Агрокор". Српскиот трговски суд не дозволи да се примени „Лекс Агрокор" за подружниците во Србија. Како резултат на тоа во јули и август 2017 г. „Сбербанк" успеа да поднесе барање за српските активи на друштвото како обезбедување за доделените заеми. Српскиот суд донесе пресуда против „Лекс Агрогор", за да ги заштити српските подружници од евентуален фалит во случај на препродажба.

Очигледно, кризата со „Агрокор" може сериозно да ја засегне српската економија. Во Србија, „Агрокор„ е сопственик на синцир од супермаркети (сочинет од три брендови), друштво за продажба на кредитни карти на мало, фирми за кондиторски производи и сладолед, производство на минерална вода и сончогледово масло, компанија за управување со недвижни имоти и различни консултански фирми. „Агрокор" запослува 11 200 директни вработувања или 16 проценти од лицата кои се ангажирани во контролирани од Русија или поврзани со неа друштва во земјата.[92] „Меркатор-С", која е вториот по големина синцир за трговија на мало во Србија со приходи од околу 867 милиони евра во 2016 г., поседува 350 различни супермаркети, кое што го прави едно од нај големите друштва во Србија од гледна точка на обрт и вработувања. Компанијата работи со повеќе од 660 мали добавува-

[91] Самурков, Максим. (2017). „Хрватска: новиот сојузник на Москва или кратко флертување?" Центарот „Карнеги" Москва. 27 октомври, 2017 г., последно реализиран достап на 4 декември 2017 г. на адреса: http://carnegie.ru/commentary/73562

[92] „Seratlić poručio Ljajiću: Mercator S plaća sve na vreme," SEEbiz, 23 март 2017 г., http://rs.seebiz.eu/seratlic-porucio-ljajicu-mercator-s-placa-sve-na-vreme/ar-152959/

чи, кои се од огромно значење за економиките на малите градови во државата.

**Слика 9. Економската ранливост на Србија, која се крие зад случајот Агрокор**




Не е за изненадување, што Србија вети дека нема да дозволи друштвата, сопственост на „Агрокор", да претрпат директни штети од пропаѓањето на компанијата мајка и во април 2017 г. објави дека ќе донесе привремена мерка во трговските судови, за да ги заштити.[93] По оваа изјава, „Сбербанк" поднесе повеќе барања во српските трговски судови за блокирање на располагање со собственоста на друштвата, поврзани со „Агрокор". Српскиот закон не дозволува странска компанија – мајка да гарантира заеми со имотот на подружниците ќерки во Србија. Ова му помогна ефективно на барањето на „Сбербанк". Судовите поведоа привремени мерки за забрана на доверителите на „Агрокор" да го изнесуваат во странство српскиот имот.

И покрај тоа, што за време на кризата со „Агрокор" српските официјални медиуми објавија, дека неколку бизнисмени, кои можат да бидат поврзани со Русија, се заинтересирани од прифаќањето на друштвата ќерки на „Агрокор" во Србија.[94] Меѓу најпознатите е Родољуб Драшковиќ, зет на Даница Драшковиќ и сегашен член на Советот на директори на „НИС". Откако „Сбербанк" изјави дека не сака сама да ги управува подружниците на „Агрокор", се очекува руската финансиска институција да ги продаде на приватни сопственици. Досега, српската влада и судовие и помагаа на „Сбербанк" во нејзината борба за контрола на активите на „Агрокор". Ако се допушти префрлањето на активи кон фирми кои се во врска со Русија, Москва би можела да навлезе по длабоко во српската економија. Широкото влијание на „Меркатор-С" во српската економија би можело да создаде дополнителна ранливост на земјата од руски капитали во иднина.

Преструктуирањето на „Агрокор" ќе има рефлекција и во нејзините подружници во Босна, вклучувајќи ја една од нај големите вериги за трговија на мало „Конзум" со приход од 434 милиони евра за 2015 г.

---

93 „Vučić o Agrokoru: Evo šta možemo da uradimo," Mondo, 19 април 2017 г., http://mondo.rs/a1000962/Info/Ekonomija/Agrokor-Vucic-i-ministri-iz-regiona-zasedaju.html

94 BIZLife (2017). „Родољуб Драшковиќ му предлага на Тодориќ да го земе управувањето на операциите на „Агрокор" во Србија". Препечатено од електронскиот медиумски портал Ekapija на 27 април 2017 г., последно реализиран достап на 2 јануари 2017 г. на адреса: https://www.ekapija.com/en/news/1742166/rodoljub-draskovic-offering-todoric-to-take-over-agrokors-operations-in-serbia

**Слика 10. Структура на долгот на „Агрокор" по извори – милиони евра и учество (%)**




*Извор: Пресметки на ЦИД врз основа на анализа от Bloomberg.*

и 4,154 вработени. „Агрокор" поседува општо осум подружници во Босна и Херцеговина и над 5000 вработени.

Евентуалната продажба на „Конзум" може да предизвика домино ефект заради добавувувачи кои што срекаваат тешкотии. Фирмата има над 100 добавувачи, вклучувајки големи производители на месо и млечни производи.[95] „Конзум" им должи околу 66.5 милиони евра. Досега овие добавувачи се согласни да соработуват со „Агрокор" во програмата за реструктуирање на долгот, започната во септември 2017 г.[96] Во мај 2017 г., во екот на поднесување на жалби од страна на добавувачите, дека доставките не им се исплаќаат редовно, „Агрокор" реши да му го даде на своето словенечко друштво „Меркатор" бизнисот на холдингот во Босна и Херцеговина.[97] Согласно договот „Меркатор" ќе превземе над 83 од 253 продавници во земјата, управувани од „Агрокор".[98] „Конзум" исто така доби помош од 120 милиона евра од подружниците на „Агрокор" во земјата, која е наменета за

[95] Среде најголемите добавувачи се следните фирми: Coca Cola, AS Jelah Group, Atacco, Violeta, Orbico, Megamix, Milkos, Meggle, Akova, Perutnina Ptuj и Bimal Brcko.

[96] Pavlin, Vedran (2017). „Добавувачите на „Агрокор" во Босна се готови да ја продолжат соработката", Total Croatia News. 17 април 2017 г., последно реализиран достап на 1 декември на at https://www.total-croatia-news.com/business/18266-agrokor-s-suppliers-in-bosnia-ready-to-continue-cooperation

[97] Garaca, Maja (2017). „Ликвидатор – хрватскиот „Агрокор" ќе се концентрира врз Босна заради проблеми со добавувачите", SeeNews, June 23, 2017, последно реализиран достап на 1 декември на адреса https://seenews.com/news/croatias-agrokor-to-focus-on-bosnia-due-to-problems-with-suppliers-receiver-573396#sthash.dHX6xrKo.dpuf

[98] Garaca, Maja (2017). „Мрежите за трговија на мало „Меркатор" и „Конзум" ќе работаат заедно во Босна од 1 април", SeeNews, 13 јули 2017 г., последно реализиран достап на 1 декември на адреса https://seenews.com/news/retailers-mercator-konzum-to-operate-side-by-side-in-bosnia-from-august-1-575914#sthash.Q0dzM4Ow.dpuf

реструктуирање на долговите на друштвото кон добавувачите.[99] „Агрокор" се согласи да реструктуира во акции на „Конзум" барања во висина од 34.6 милиони евра на две други подружници на „Агрокор" во Босна и Херциговина „Ледо Читлук" и „Сараевски Киселјак". Како дополнување „Конзум Сараево" треба да добие кредит од 15 милиони евра од основниот холдинг на „Агрокор".[100]

Аферата со „Агрокор" ја демонстрира зголемената контрола на „Сбербанк" врз секторот за трговија на мало во Западниот Балкан. Голем број на извештаи ја спомнуваат „Сбербанк" во претпоставено улеснување на операција, за која има сомнеж, дека е поврзана со перење на пари во 2012 г., вклучувајки го купувањето на мнозинскиот удел во најголемата фармацеутска компанија во Босна и Херцеговина „Босналек"[101] од офшор фонд „Хаден" регистриран во Луксенбург.[102] „Сбербанк" му додели кредит на „Хаден" во висина од 4 милиони евра за финансирање на трошоците за набавка на акции од „Босналек", без да операцијата ја пријави до Одделението за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и до Одделот за финансиско разузнавање во Државната агенција за истражување и заштита во Босна и Херцеговина (ДАРА).[103]

Агенцијата за банкарски надзор поднесе жалба во рамките на казнената постапка против „Сбербанк" за неиздавање на информации за кредитот за „Хаден" и помош околу друг трансфер во големина од 5.76 милиони сад.д. од Луксембург на сметката на „Хаден" во експозитурата на „Сбербанк" во Сараево. „Босанското обвинителство отвори постапка за откривање на претпоставена шема за перење пари, но после двегодишна истрага се уште нема подигнато обвинение против „Сбербанк".

Некои публикации го поврзуват „Хаден" со големиот руски добавувач на лекови „Империја фарма". „Хаден" стекна 52 проценти од „Босналек" во две одвоени зделки преку босанската берза за околу 20-25 милиони евра.[104] По влегувањето на „Империја фарма" во Босна и Херцеговина „Босналек" го зголеми својот удел на пазарот над 50 % од 2013 г. до денес. Во овој моментот „Босналек" продава 150 производи во 14 држави од Југоисточна Европа, Русија и некои бивши советски републики и генерира приходи од 78 милиони евра, близу 90 % од

---

[99] Garaca, Маја (2017). „Босанската единица на хрватскиот трговец на мало „Конзум" очекува капитална инјекција од 15 милиони евра", SeeNews, 15 август 2017 г., последно реализиран достап на 1 декември на адреса https://seenews.com/news/croatian-retailer-konzums-bosnian-unit-eyes-15-mln-euro-capital-injection-report-579744#sthash.4sEDnyv6.dpuf

[100] ESM (2017). „Агрокор" ке го рекапитализира „Конзум" во Босна и Херцеговина", 4 септември 2017 г., последно реализиран достап на 1 декември 2017 г. на адрес https://www.esmmagazine.com/agrokor-recapitalise-konzum-bosnia-herzegovina/48608

[101] Според проучвање на IHS Markit от 2013 г. „Босналек" е вториот по големина добавувач на лекови во Босна и Херцеговина со дел од 21 уса.д. во пазар на вредност од 366 милиони уса.д. Пазарната позиција на друштвото се подобрила значајно во последните неколку години, а нејзините приходи скочиле до близу 80 милиони евра после нејзиното навлегување во Русија и Турција.

[102] Центар за истражувачко новинарство (2016). „Сомнителни операции од Русија преку „Сбербанк"". CIN, 14 септември 2016 г.

[103] Повторно таму.

[104] „Луксембургшкиот „Хаден" ги зголемува своите делови во најголемиот производител на лекови во Босна", Pharmaletter, 3 август 2013 г.

кои – во Русија.[105] Преголемата зависност од пазарот во Русија, може да се покаже како проблем за најголемиот производител на лекови во Босна и Херцеговина, евентуалното влошување на односите меѓу двете земји. На пример, кога Црна Гора се приклучи кон НАТО и одлуката да ја поддржи Европската унија со санкциите кон Русија, Русија забрани увоз на вино од државниот производител „Плантаже", кој ги реализираше најголем дел од своите продажби во Русија.[106]

Ризиците, поврзани со перењето пари, долго време го следат банкарскиот систем во Босна и Херцеговина. Пред извесно време ДАРА влезе во неколку мали банки во Република Српска, во кои беа уапсени 10 одговорни лица под обвинување за договарање со цел корупција.[107] Меѓу засегнатите беа и банките „Бобар", „Павлович" и „Банка Српске". Според извештајот на Високиот претставник во Босна и Херцеговина банкротот на „Бобар" во 2014 г. (после пренасочувањето на сретства од неа) засегнува многу општествени институции, фирми и физички лица.[108] Во скандалот беше вовлечен и претседателот на Република Српска Мирослав Додик, кој беше обвинет од Специјалниот обвинител на Босна за земање на фиктивен заем од 750 000 евра од „Павлович банк" за купување на луксузна вила во Белград.[109]

Проширувањето на руските компании во регионот не се ограничува до банките и енергетиката. Превземања и значителни приливи на капитал се регистрирани во хазардот, металургија, рударство, недвижни имоти и туризм.

## Рударство и металургија

Нај големата и стратешки најважна инвестиција на Русија во Западен Балкан до сега е купувањето на две државни претпријатија во Црна Гора малку пред објавувањето на независност . „Русал" на Олег Дерипаска плати 58.5 милиони евра за 65.4 % од КАП и 32 % од рудник за боксид во Никшич. Договорот вклучува задолжување за Дерипаска да исплати 90 милиона евра наследен долг на двете државни претпријатија. Дел од договорот за приватизација предвидува КАП да добива електрична енергија при преференцијални цени и услови од државниот добавувач на електрична енергија ЕПЦГ до 2010 г.[110]

---

105 „Босналек" ќе создаде производство на лекови во Русија," Pharmaletter, 7 јули 2017 г.

106 Associated Press (2017). „Црна гора тврди, дека Русија вовела забрана за нејзините вина поради влезот во НАТО." 27 април 2017 г., последно реализиран достап на 5 јануари 2018 г. на адреса: http://abcnews.go.com/amp/International/wireStory/montenegro-russia-banned-wine-nato-accession-47054642

107 Nuttall, Clare (2016). „Истрагите ја разоткриват расипаната страна на банкарскиот сектор во босанската Република Српска", BNE Intellinews, 13 мај 2016 г., последно реализиран достап на 16 ноември на адреса http://www.intellinews.com/investigations-reveal-rotten-side-of-bosnian-republika-srpska-s-bank-sector-97327/

108 Повторно таму.

109 ПДОПК (2016). „Босна и Херцеговина: полицијата разоткри сопственик на банка, поврзан со президентот на РС Додик", 13 февруари 2016 г.

110 Согласно договорот за продажба на електрична енергија со ЕПЦГ, валиден до 2010 г., во текот на првите три години КАП добива две третини од елективната енергија при преференциален режим, а во наредните две години само половина од електричната енергија се купува по намалена цена.

Откако рокот на договорот со ЕПЦГ за користење на електрична енергија по преференцијални цени завршува, „Русал" бара дополнителни субвенции. Очигледно планот на Дерипаска е да обезбеди долгорочно снабдување со електрична енергија за алуминиумскиот комбинат, купувајки ја единствената во Црна Гора термоцентрала (ТЕЦ), како и рудникот за јаглен во Плевља, нудејки 45 милиони евра за ТЕЦ и 5 милиони евра за рудникот за јаглен.

Контролата врз целиот синџир за електроснабдување би ги намалиле трошоците за енергија на КАП, и би му овозможиле на комбинатот контрола врз една од најважните суровини за производството на алуминиум. Зделката за добивањето на енергетските активи, е суспендирана од парламентот во јуни 2007 г. откако една мала група пратеници се обединува со опозицијата. По приватизацијата, КАП е најголем корисник на електрична енергија во Црна Гора со речиси две милиарди киловат часови годишно, или речиси половина од вкупната потрошувачка во земјата.

Светската економска криза во 2009 г. има силно негативно влијание врз компаниите на Дерипаска со претпоставени загуби во милиони. Алуминиумската индустрија е особено тешко погодена, вклучувајќи ги КАП и „Русал". КАП акумулира огромни загуби и го намалува својот персонал од 2116 лица во 2007 г. на 1344 во 2010 г. Очигледно рускиот сопственик очекува црногорската држава до го подржи реструктурирањето на КАП, потпирајќи се на логиката дека е преголемо претпријатие за да фалира.

Централно – европската алуминиумска компанија (ЦЕАК), друштвото на Олег Дерипаска преку кое ја контролира КАП и владата на Црна Гора склучија нов договор во октомври 2010 г., според кој црногорската држава си враќа 29.36 % од КАП и 31.45 % од рудникот за боксит. ЦЕАК ги задржува правта на управување, а владата на Црна Гора ги именува членовите на Управниот одбор со право на вето во двете друштва.[111] Со договорот Црна Гора му обезбедува на КАП државна гаранција во размер на 135 милиони евра како обезбедување за новите кредити, земени од фабриката за алуминиум. Во суштина новиот сопственик на КАП ги добива токму условите што ги бара – државни гаранции за

[111] Ова не го спречи КАП да украде, како што се тврди, 190.515 мегават часа електрична енергија во вредност од 9.6 милиони евра од Европскиот механизам за интерконекција во 2013 г., платени подоцна од црногорските даночни обврзници. Кражбата на електрична енергија, е извршена преку друга компанија во државна сопственост – „Црногорски електропреносен систем" (CGES), што исто така покажува дека ова не може да се направи без да се договори со други државни актери.

Rapoza, Kenneth. (2015). „Оваа луда држава започнува битка со милијардер во вредност од 80 проценти од нејзиниот БВП". Forbes, 20 ноември 2015 г., последно реализиран пристап на 21 јануари 2018 г. на адреса https://www.forbes.com/sites/kenrapoza/2015/11/29/this-country-pickingfight-with-a-russian-billionaire-who-is-worth-80-of-its-gdp/#6181f34574c8

ENTSO-E. (2013). „Црногорскиот ОПС „CGES" побара балансирање на својот систем и компензација на ОПС за енергетските токови". 7 јуни 2013 г., последно реализиран достап на 21 јануари 2018 г. на адреса https://www.entsoe.eu/news-events/announcements/announcements-archive/Pages/News/montenegrin-tso-cges-asked-to-balance-its-system-and-compensate-tsos-for-power-flows.aspx

Prelec, Marco. (2014). „Победници и губитници: кој добива од корупцијата на високо ниво во енергетскиот сектор во Југоисточна Европа?" SEE Change Net, јуни 2014 г., последно реализиран достап на 18 јануари на адреса http://www.mans.co.me/wp-content/uploads/2014/06/SEE-energycorruption. pdf

кредитите, опростување на државниот долг,[112] намалување на бројот на работници и уште два милиони евра, дадени од државниот буџет, како компензација за намалувањето на бројот на вработените. Но КАП не успева да обезбеди електрична енергија по повластена цена.

Во февруари 2011 г. унгарската банка ОТП ја информира владата на Црна Гора, дека државните гаранции ќе бидат активирани, бидејќи КАП не извршила уплата на една рата од кредитот. Како резултат на тоа владата на Црна Гора поднесе тужба против сопствениците на КАП, што доведе до издавање на налог од Министерството за економија за припрема за национализација на КАП, бидејќи алуминиумската компанија не ги плаќа сметките за електрична енергија како и гарантираните од државата долгови.[113]

После отварање на процедурата за стечајна постапка, ЦЕАК отпочнува арбитражна постапка против државата Црна Гора, настојувајќи да добие компензација од 100 милиони евра. Исто така КАП изрази желба за вонсудска спогодба, сметајќи дека таквото решение ќе е од корист за сите страни и посебно за даночните обврзници во Црнана гора. ЦЕАК тврди дека државата Црна Гора прекршила неколку обврски по договорот за приватизација и покрај што не ја објави точната сума на спорот, декларира дека ке побара надомест во висина над 600 милиони евра.[114]

Засега ЦЕАК ја губи судската постапка во две арбитражи против Црна Гора – една во арбитражниот суд на Комисијата на ООН по меѓународно трговско право (УНЦИТРАЛ) (јануари 2017 г.),[115] а другата во Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (МЦРИС) (јули 2016 г.)[116] на крајот од 2016 г. Дерипаска отвори судска постапка во кипарскиот суд,[117] тврдејќи, дека по своите значајни и добро временски осмислени инвестиции во КАП и рудникот за боксит, црногорската држава употреби редица од непријателски мерки, со цел да го елиминира од собственоста на фирмата. Тој изјави дека Црна Гора одбивајќи фер и искрен третман на инвестициите, е во контрадикција со меѓународното право и договорните обврски.

Улогата на руските компании во рударството и металургијата во Црна Гора открива суштествени, поврзани со приватизацијата дефицити во управувањето насекаде во Западен Балкан. Рускиот сопственик на

---

[112] Вклучувајќи ги и долговите за неплатени даноци во 2006 и 2007 г., како и речиси 15 милиони евра неплатени даноци врз платите од вработените.

[113] Во почетокот на 2012 г. КАП му должеше на ЕПЦГ 28 милиони евра за електрична енергија, со мала веројатност за нивната отплата.

[114] Tomovic, Dusica. (2016). „Руски тајкун ја тужи Црна гора за фабриката за алуминиум". BalkanInsight. 15 ноември 2016 г.

[115] Влада на Црна гора, соопштение за печатот, „Арбитражниот суд во Виена пресуди: сите барања на ЦЕАК против Црна гора се отфрлени", 13 јануари 2017 г., http://www.gov.me/en/News/168376/Arbitral-Tribunal-in-Vienna-rules-All-CEAC-claims-against-Montenegro-rejected.html

[116] Владата на Црна гора, соопштение за печатот, „ЦЕАК ја губи арбитражата против Црна гора, и мора да плати арбитражни трошоци", 27 јули 2016 г., http://www.gov.me/en/News/163686/CEAC-loses-arbitration-against-Montenegro-has-to-bear-costs-of-trial.html

[117] „Тужбата на Дерипаска против Црна гора, подпаѓа под пактот за заштита на инвестициите — ЦЕАК", *ТАСС*, 8 декември 2016 г., http://tass.com/economy/917849

КАП ја користи владата, да добие гаранции, кои не се поткрепени со внимателна економска оценка. Во извештајот на Државната ревизорска институција (ДОИ) во Црна Гора од 2013 г. е донесен заклучок, дека КАП добила гаранции за кредит без соодветен залог и на тој начин државата била изложена на значаен финансиски ризик. Потоа, државните ревизори забележуваат, дека државните гаранции за КАП немаат детална анлиза за трошоците и придобивките кои се однесуваат на финансиската состојба на компанијата. ДОИ утврдува, дека министрите за економија и финанси, како и Регулаторната комисија за државна помош не извршиле компетентна проверка и проценка на финансиската состојба на КАП и не се земени во предвид констатациите на приватните ревизори. Во извештајот на ДОИ се тврди, дека од финансиките податоци е видно дека уште со моментот на потпишување на договорот за приватизација за КАП е јасно дека компанијата не би можела да ги отплати кредитите со сопствени средства, што ја доведува во прашање нејзината рентабилност.

Сите гаранции, обезбедени од црногорската влада доставени на КАП, во крајна сметка се платени од даночните обврзници. Недостатокот на детална финансиска проценка на капацитетот на овој странски инвеститор да ја купи најголемата компанија во земјата и да ги исполни своите инвестициски обврски, предвидени во првичниот договор, подоцна ќе доведе до предоговање помеѓу државата и рускиот сопственик на КАП.

Во Македонија се забележани слични дефицити во управувањето. Металуршкиот комбинат „Југохром", сопственост на синцир на компании со седиште во Кипар и Хонконг, поседувани од руските државјани Максим Москалев и Димитриј Аграмаков,[118] таложи прекршувања на еколошките стандарти, кои го претворија градот Тетово во едно од најзагадените места во Европа.

Комбинатот е еден од најголемите работодавачи во Република Македонија со 1100 вработени, и еден од најголемите извозници со учество од 7 % од целиот извоз на земјата. И покрај тоа, веќе години „Југохром" не преставува да биде објект на инспекциски надзор и претрпел многу малку санкции за предизвиканите нарушувања. И покрај првичната истрага од јавниот обвинител на Тетово и покренатото обвинување во 2014 г. против раководството на „Југохром" под обвинување за загрозување на здравјето на граѓаните на Тетово, истрагата е прекината на 5 декември 2014 г. поради недостиг на докази за кривично дело.[119] Односот се менува на 31 октомври 2016 г. откога компанијата не го запазува рокот определен од Државниот инспекторат за животна средина за монтажа на специјални филтри за апсорбирање на честички од прав и поради тоа е затворен.[120]

---

118 Xhelal, Neziri. (2015). „Во отровното кралство на „Југохром"", Центар за истражувачко новинарство – SCOOP, 21 февруари 2015 г., последно реализиран пристап на 21 ноември 2017 г. at http://en.scoop.mk/in-the-toxic-kingdom-of-jugohrom/

119 Xhelal, Neziri (2015). „Во отровното кралство на „Југохром"", Центар за истражувачко новинарство – SCOOP, 21 февруари 2015 г., последно реализиран пристап на 21 ноември на http://en.scoop.mk/in-the-toxic-kingdom-of-jugohrom/

120 Dimitrievska, Valentina (2016). „Најголемиот македонски извозник „Југохром", заплашен од затворање поради загадување на воздухот". IntelliNews, 1 ноември 2016 г.

Рускиот економски отпечаток се протега и врз други македонски компании. Од 2005 г. до 2015 г. компанијата „Солвеј", официјално регистрирана во Швајцарија, но која има врзка со холдингот „Русал" на Дерипаска[121], е сопственик на рудникот за олово, цинк и бакар „Саса" и најдобивниот рудник за злато и бакар во Македонија – „Бучим". Инвестициите на „Солвеј" во развојот и проширувањето на рудниците се оценува на 70 милиони евра до декември 2015 г., кога „Саса" ја продава компанијата на стоковен фонд базиран во САД.[122]

## Недвижнини, туризам и спорт

Пристигнувањето на Дерипаска на крајот на 2005 г. во Црна Гора, предизвика бум во инвестициите во недвижнини и туризам, вклучувајќи ги и плановите за изградба на синџири на одморалишта по јадранското крајбрежје, во вредност од милиони долари.[123] Една петина од БДП во Црна Гора и над 54 % од извозот на стоки и услуги му припаѓа на туризмот.[124] Тоа е стратешки сектор во црногорската економија, и според Светскиот совет за патувања и туризам (ССПТ) до 2026 г. уделот за туризмот во однос на БДП во земјата може да достигне до 30 проценти.[125] Руските туристи се најголемата група посетители во Црна Гора со дел од 25 проценти од вкупниот број на туристи.[126] Од 2006 г. бројот на руските туристи е зголемен пет пати до 316 000 души во 2016 г. со вкупно 2.87 милиони нокевања. По просечна цена од околу 70 евра за ноќавање, само во 2016 г. руските туристи потрошиле над 200 милиони евра што е околу 5 проценти од БДП на Црна Гора.[127]

Влошувањето на билатералните односи после 2014 г. има негативен ефект врз приливот на руски туристи кон Црна Гора. Руската влада се обиде да го засили овој тренд препорачивајќи им на своите граѓани да не го користат одморот во Црна Гора. Рускиот надворешен министар, Сергеј Лавров изјави во март 2017 г., дека Црна Гора со пристапување во

---

121 Smith, Geoffrey. (2017). „Што треба да знаеме за Олег Дерипаска – рускиот милјардер, за кој работеше Пол Манафорт" списание „Тајм", 22 март 2017 г.

122 MiningSee. (2015). „Сопственикот на тајкунскиот рудник за олово и цинк „Саса" „Orion mine finance" е оптимист за пазарот на стоки", 7 декември 2015 г., последно реализиран пристап на 16 ноември 2017 г. на адрес https://www.miningsee.eu/orion-mine-finance-the-owner-of-maacedonia-sasa-lead-zinc-optimistic-in-commodities-market/

123 Ames, Mark и Berman, Ari. (2008). „Врските на Мекејн со Кремаљ", The Nation. 1 октомври 2008 г., последно реализиран пристап на 4 декември 2017 г. на https://www.thenation.com/article/mccains-kremlin-ties/

124 „Predrag JELUŠIĆ: Turizam daje petinu BDP-a i čini više od polovine izvoza Crne Gore," Portal Analitika, 27 септември 2015 г., http://www.portalanalitika.me/clanak/203071/predrag-jelusic-turizam-daje-petinu-bdp-a-i-cini-vise-od-polovine-izvoza-crne-gore

125 Министерство на туризм и одржлив развој, Intervju: Prihodi od turizma u 2016. biće veći od 850 miliona eura, 29 септември 2016 г., http://www.mrt.gov.me/vijesti/165472/Prihodi-od-turizma-u-2016-bice-veci-od-850-miliona-eura.html

126 „Četvrtina turista u Crnoj Gori su Rusi," *Bankar.me*, 20 мај 2017 г., http://www.bankar.me/2017/05/20/ cetvrtina-turista-u-crnoj-gori-su-rusi/

127 Проценката е базирана на просечен приход од соба во 2014 г. Horwath, Истажување на хотелиерската индустрија во Црна гора, назначено од црногорската влада, реализиран пристап на http://www.mrt.gov.me/ResourceManager/FileDownload.aspx?rid=221725&rType=2&file=Poslovanje%20hotelijerstva%20u%20Crnoj%20Gori%202014..pdf

НАТО ги жртвува своите економски односи со Москва.[128] После изјавата следеше негативна кампања во руските медиуми, опишувајќи ја Црна Гора како опасна за руските државјани. Медиумските извештаи го потенцираа криминалот, загадените брегови како и проблематичната туристичка сезона.[129] Негативната рекламна кампања роди со плод. Иако во јуни 2017 г. русите се уште се најголемата туристичка група во Црна Гора (25.2%), нивниот број е намален од 49 666 на 18 845 луѓе на годишна ниво.[130]

Руското економско присуство во туристичкиот сектор на Црна Гора не е ограничено само на туристите. Во процесот на приватизација по 2006 г. руските бизнисмени и компании се здобија со неколку хотели на атрактивни локации, од времето на комунизмот. Не постои целосна анализа на сите руски инвестиции во туризмот, но локалните медиуми и независните организации на граѓанското општество прават напори за документирање на обидите за руски инвестиции за искористување на управувачките дефицити во Црна Гора, за олеснување на зделките. Во некои случаи руски фирми, кои очигледно се фантомски компании со мал капитал, победуваат на аукции за големи приватизациони договори. Во други, нема ресичи никакви импликации за учество на руските инвеститори, во случај на неисполнување на договорите за приватизација.

Илустративен пример е приватизацијата на хотел „Лидо" во Улцин. Во 2006 г. руската компанија „Capital Estate", базирана во Будва, победува на аукција за купување на хотелот со инвестициска понуда во размер на 38 милиони евра. Компанијата ја плаќа пазарната понуда, но не ги извршува договорените дополнителни инвестиции.[131] И покрај притисокот на локалните власти за прекинување на договорот со „Capital Estate" владта го озаконува забавувањето на инвестициите со анекс кон договорот.[132] Хотелот е рушен во 2013 г., но нов се уште не е изграден. Друг пример е изградбата на хотелски комплекс во Малевиќ, општина Бар, од регистрираната на Кипар „Сонуба Монтенегро", која подоцна е купена од руската Mercury Group во 2010 г.

Уште една контроверзна пракса во секторот за недвижности во Црна Гора е поврзана со продажбата на атрактивни парцели на државно

---

128 „Не е јасно како присоединувањето на Црна гора кон НАТО ќе ја засили сигурността на алиансата – Лавров," *Sputnik*, 23 март 2017 г., https://sputniknews.com/military/201703231051876080-montenegro-nato-accession/

129 „Криминал, минные поля и столбняк: почему Черногория становится опасной для туристов," TV Zvezda, 25 март 2017 г., https://tvzvezda.ru/news/vstrane_i_mire/content/201703251100-mpeq.htm

„Альянс наготове: Черногория в одном шаге от вступления в НАТО, "ТВ Россия 1, 28 март 2017 г., http://www.vesti.ru/doc.html?id=2871302

„Захарова: МИД РФ рекомендует россиянам дважды подумать, прежде чем ехать в Черногорию," Tass.ru, 29 май 2017 г., http://tass.ru/politika/4291514

130 Intellinews (2017). „Бројот на туристите во Црна гора расте, но русите ја отбегнуваат", 31 јули 2017 г.

131 „Capital Estate: Port Milena na sprječava da ispunimo svoje obaveze", Vijesti.me, 24 март 2012 г., http://www.vijesti.me/ekonomija/capital-estate-port-milena-nas-sprijecava-da-ispunimo-svoje-obaveze-66186

132 „Vladi šamar iz Ulcinja," ND Vijesti, March 7, 2011.

земјиште под пазарни цени. Руски компании се поврзани со слични договори. Например продажбата на поранешниот воен комплекс „Скочи девојка" во Будва. Имотот бил продаден пред објавувањето на независност на Црна Гора за 2.35 милиони евра, а подоцна земјиштето било продадено за 41.7 милиони евра. Во договорот учествувале и фирми сопственост на руси, регистрирани во Црна Гора, како и оф шор компании сопственост на црногорски бизнисмени.[133] Тврдејќи дека владата изгубила десетици милиони евра од договорот, во 2012 г. непрофитабилната антикорупциска организација MANS поднесе жалба, во која е наведено името на тогашниот министер за финансии,[134] но нема податоци за отпочната истрага.

Некои руски инвестиции во Црна Гора, се објект на испитување на специјалниот обвинител за организиран криминал и корупција.[135] Случајот, за кој е издадена пресуда, е поврзан со градбата на одморалиште во 2008 г. на нос „Завала", во близина на Будва. „Миракс груп" на рускиот бизнисмен Сергеј Полонски го започна проектот заедно со Светозар Маровиќ – во тоа време вршител на должноста заменик претседател на владеачката „Демократска партија на социјалистите на Црна Гора" (ДПС) – чие семејство е меѓу највлијателните во Будва. „Мирах" објави дека ќе изгради ексклузивно одморалиште на нос „Завала" ,кој вклучува вили и луксузни хотели, кои што ќе наликуваат на „Бурж ал Араб" во Дубаи. Проектот е делумно финансираан од Прва банка, контролирана од братот на тогашниот премиер Мило Џукановиќ.[136] Изградбата трае од 2008 до 2009 г. без дозвола за градба, се додека финансиските проблеми не доведоа до нагло прекинување на проектот.

Во април 2008 г. MANS поднесе жалба до Врховниот државен обвинител, посочувајќи ги имињата на основните учесници во аферата: Светозар Маровиќ – заменик председател на владеачката „Демократска партија на социјалистите на Црна Гора" (ДПС), Драган Маровиќ – секретар за инвестиции во Општина Будва и Вјачеслав

---

133 Основните купувачи на имотот се руската компанија „Опора" и црногорската фирма „Спартак", претставувани од Николај Земљански и Александар Бељаков. Два месеци пред потпишувањето на договорот за купување купувачите основаат нова фирма на Сејшелите – „Blaze Corporation" – која е употребена за плаќање на куповната цена от 2.35 милиони евра. Две години покасно, во 2007 г. „Скочидевојка" е продадена на фирма, регистрирана во Кипар – „Caldero Trading Limited", сопственост на црногорскиот бизнисмен Зоран Бечировиќ, за 14 милиони евра. Во рамките на седум дена тој го препродава комплексот на палестинскиот бизнисмен Мохамед Бурхан Рахид за 41.7 милиони евра. Во 2015 г. компанијата „Hipo Alpe Adria Development" објавува аукција за имотот, зошто компанијата на Рахид „Монте Мена" не може да го затвори заемот од 5.28 милиони, зермен за купување на имотот. Најпосле австриската „Meinl Bank" AG го добива одморалиштето за 7.3 милиони евра.

Milovac, Dejan and Mrdovic, Ines. „Урбанизам: во канците на корупцијата – истражување на случаи од Црна гора 2011/2012 г.". MANS. Подгорица, 2012 г.

134 „Prodajom Skočiđevojke država oštećena za desetine miliona," *Vijesti.me*, 7 јули 2012 г., http://www.vijesti.me/ekonomija/prodajom-skocidjevojke-drzava-ostecena-za-desetine-miliona-82917

135 Например купувањето на хотелот „АС" во Петровац од руско-црногорската фирма „Нега турс", изградбата на луксузната туристичка населба „Царское село" близу до Будва од холдинг компанијата „Трејдјуник" базирана во Москва и купувањето на хотел „Отрант" во Улцин од руската компанија „Баркли СК".

136 ПДОПК. (2012 г.). „Завала": нос „Корупција"". ПДОПК, 11 јуни 2012 г., последно реализиран достап на 14 јануари 2018 г. на адреса https://www.reportingproject.net/firstbank/en/zavala-cape-corruption

Лејбман – Извршен директор на „Миракс Балкан". После скоро двогодишно истражување обвинителството ги обвини 10 локални службеници од општина Будва, вклучувајки го и градоначалникот на Будва Рајко Куљача и неговиот заменик Драган Маровиќ, кој што е брат на Светозар Маровиќ.[137] Конечно, во 2016 г. Апелациониот суд на Црна Гора го осуди Куљача на две и пол години затвор заедно со поранешниот секретар за инвестици на општината, кој што доби две години затвор. Тие беа обвинети за виновни во злоупотреба на службената положба и предизвикување на штета на општинскиот буџет во висина од 820 000 евра во корист на „Завала инвест" – фирма ќерка на руската компанија „Миракс". Други осум општински сужбеници, беа осудени вкупно на осум години затвор.[138]

За време на шпицот на руските инвестиции после објавувањето на независност на Црна Гора (2011 – 2014 г.) руски граѓани купиле многу станови и куќи по должината на брегот, во резултат на кое што цените на недвижности значајно се зголемија. Во многуте репортажи во медиумите се претпоставувa, дека овие продажби се поврзани со перење пари, но никогаш не е направена формална истрага и потврда.[139] После објавувањето на независност руските граѓани уплатиле 25 милиони евра даноци за недвижни имоти. Не постојат јавно достапни податоци за големината на недвижнините во сопственост на руски државјани, бидејки регистрите за недвижнини не даваат можност за барање на вкупни податоци, но според информации во медиумите имотите се 70 000.[140] Недостатокот на информаци и на транспарентност го отежнува спроведувањето објективна анализа на точниот обем на движење на капиталот кон секторот за недвижни имоти во земјата, а ова ги попречува органите за финансиско разузнавање и даночните инспекции за откривање на потенцијални шеми за перење пари и даночно затајување.[141] Огромната изложеност на Црна Гора кон руските инвестиции, во комбинација со големиот број на имоти, кои се наоѓат во руски раце, може да се користи за извршување на влијание врз националната надворешна политика и политиката за безбедност. Сепак, големиот број на руски учесници во секторот за недвижнини, покажува дека руското присуство во земјата е дисперзирано, нешто како мерка за предпазливост, што ја отежнува и оневозможува контролата врз секторот за недвижнини од страна на Русија.

137 MANS, „Завала" – работа на случај 2008 – 2011 г." https://www.reportingproject.net/firstbank/en/documents/ finish/13-zavala-cape-corruption/83-zavala-13

138 Radevic, Komnen. (2016). „Рајку Куљачи доби две и половина, а Драган Марович две години затвор", Vijesti, 15 декември 2016 г., реализиран достап на адреса http://www.vijesti.me/vijesti/rajku-kuljaci-dvije-i-po-draganu-marovicu-dvije-godine-zatvora-916506

139 ПДОПК (2011). „Руската елита плаќа милиони за имоти во Црна гора", 30 ноември 2011 г.

O'Farrell, Michael, и Patrucic, Miranda. „Црногорски обвинители започнуваат истрага на ирски инвестиции", 20 август 2013 г.

Сухотин Андреј и Анин, Роман (2011). „Црногорски гномови", Новаја газета, 28 ноември 2011 г.

Bilefsky, Dan. (2008). „И покрај кризата богати руси го купуваат крајбрежието на Црна гора", The New York Times, 31 октомври 2008 г.

140 „Rusi su u Crnoj Gori kupili 70.000 nekretnina," *Vijesti.me*, 17 мај 2014 г., http://www.vijesti.me/vijesti/rusi-su-u-crnoj-gori-kupili-70000-nekretnina-21034

141 Многу од над 1700-те микропретпријатија во Црна гора, сопственост на руски граѓани, се создадени заради барањето на земјата за купување на недвижни имоти или превозно средство.

Што се однесува до бројот на постојано населени руски граѓани во Црна Гора, проценките се различни. Според пописот од 2011 г. за руси или рускоговорни се изјасниле 1000 жители.[142] Согласно изјавата на рускиот амбасадор од 2014 г. постојано населени во Црна Гора руси се 7000,[143] додека бројноста на рускоговорното население се оценува на 15 000 жители.[144] Постојано населените руси поседуваат мали компании како ресторани, продавници и туристички агенции. Во некои основни училишта нивните деца можат да посетуваат часови по руски јазик.

**Забелешка 1. Руски инвестиции во секторот за недвижнини и спорт во Република Македонија**

Кога се анализира карактерот на протокот на руски капитали кон Западен Балкан, еден од најдобрите примери е бизнисот на Сомсоненко во Македонија. Сомсоненко е руски бизнисмен, кој е дојден во Македонија само неколку месеци откако Груевски станува премиер, есента во 2006 г. Од тогаш и досега, Сомсоненко има врски со коалицијата на ВМРО – ДПМНЕ (Внатрешна македонска револуционерна организација –Демократска партија за македонско национално единство.[145]

Прво, пратеникот од ВМРО (1998 – 2002 г.) Александар Пандов беше раководител на бизнисот со хазард на Сомсоненко „БетСити" до 2011 г.[146] Второ, Сомсоненко се појавува во предизборен музички спот, нарачан од ВМРО-ДПМНЕ во 2014 г., во кој отворено го подржа Груевски. Инвестициите на Сомсоненко се сконцентрирани во спортот и хазардот. Освен „БетСити" Сомсоненко е сопственик и на фудболскиот и ракометниот клуб „Вардар". Неговата најголема директна инвестиција во земјата е приватното – јавно партнерство помеѓу Општина Аеродром (тогаш управувана од градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ) и една од неговите фирми од 2014 г., за изградбата на Спортскиот центар „Јане Сандански". За Сомсоненко Општината му обезбеди концесија за спортската сала за рок од 35 години, во нетранспերентна постапка без објавување на јавен повик. Фирмата која што ја управува спотрската сала,[147] е оф шор компанија со седиште во Кипар, чиј краен ефективен сопственик е регистрирана во Бејлиз фирма, која што Сомсоненко ја користи и за многу од другите свои инвестиции. Покрај компаниите на Сомсоненко, многу компании, поврзани со политичката елита, блиска до Груевски, се регистрирани на управуваните од Сомсоненко адреси во оф шор зони.[148]

---

142 Официјални податоци од MONSTAT, Пребројување на населението, домакинствата и живеалиштата во Црна гора во 2011 г., јули 2011 г.

143 „Nesterenko: U Crnoj Gori živi do sedam hiljada Rusa," *Vijesti.me*, 27 януари 2014 г., http://www.vijesti.me/vijesti/nesterenko-u-crnoj-gori-zivi-do-sedam-hiljada-rusa-174290

144 „Rusi su u Crnoj Gori kupili 70.000 nekretnina," *Vijesti.me*, 17 май 2014 г., http://www.vijesti.me/vijesti/rusi-su-u-crnoj-gori-kupili-70000-nekretnina-21034

145 Лефков, Горан (2016). „Самсоненко: успешен во Македонија, под лупа во Русија". Центар за истражувачко новинарство – SCOOP, 5 декември 2016 г.

146 SCOOP (2016). „Самсоненко: успешен во Македонија, под лупа во Русија", Центар за истражувачко новинарство – SCOOP, 5 декември 2016 г., последно реализиран достап на 16 ноември на адреса http://en.scoop.mk/samsonenko-successful-in-macedonia-under-scrutiny-in-russia/ и Нова ТВ (2015). „Русинот Самсоненко во приказната „Инвестирајте во Македонија преку Белизе"", 6 февруари 2015 г., последно реализиран достап на 16 ноември на http://novatv.mk/rusinot-samsonenko-vo-prikaznata-invest-in-masedonia-via-belize/

147 Самсоненко изградил голем хотел во спортскиот центар.

148 http://novatv.mk/rusinot-samsonenko-vo-prikaznata-invest-in-masedonia-via-belize/

# ПОЛИТИЧКИ ФАКТОРИ, КОИ ГО ЗАЈАКНУВААТ РУСКОТО ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ

Од 2008 г. руската влада агресивно ја отвара својата воскреснувачка ориентирана кон ресурси економска моќ, во комбинација со постоечките мрежи за безбедност од советско време како и вештото користење на традиционална „мека моќ" за да ги искористува стратешките слабости на државите од Западен Балкан. Рускиот инструментариум на „мека моќ" вклучува медиумска пропаганда, како и историски, религиски и етнички симболи. Уште од 19 век, словенските православни држави во регионот ја гледаат Русија како силен сојузник во нивните политички амбиции. Подршката на Кремљ за каузата на Србија во Косово и отфрлената од страна на Русија независност на Косово, ја зацврстија позицијата на Русија како бранител на српските интереси. Друг пример е изразената од страна на рускиот православен патриарх Кирил загриженост за пристапувањето на Црна Гора во НАТО.[149]

Додека руските медиуми наметнуваат заедничка гледна точка во меѓународните односи во Западен Балкан, мрежа од специјализирани руски институции во Србија имаат задача да го зајакнуваат чувството за блискост помеѓу двете земји. Во последните години оваа мрежа се развива со цел да се обезбеди поддршка (вклучувајќи и финансиска помош) на организации и групи, кои што даваат поддршка на руските интереси во земјата и регионот. Филијалите на „Руски мир" и преставништвото на Меѓународниот фонд за единство на православните народи работаат во Нови Сад и Белград од 2005 г.

После 2013 – годината во која Советот на Европскиот совет декларира подготвеност за отпочнување на преговори за пристапување на Србија во ЕУ – обидите за заздравување на врските помеѓу Србија и Русија се зајакнаа. Во истото време Рускиот институт за стратешки истажувања (РИСИ) отвори подружница во Белград – еденствен во Западен Балкан. На интернет страницата на РИСИ е наведено, дека институтот е дел од голем научно – истажувачки и аналитички центар, основан од рускиот претседател, чија главна цел е да обезбедува информации на претседателската администрација и други институции. Постојат голем број други руски фондации, како Фондот за поткрепа на јавната дипломатија „Горчаков", Фондацијата за стратешка култура, Центарот за национална слава и Фондација „Св. Андрју", кои ги претставуваат руските интереси преку различни активности како финансирање на проекти за неутралност на Србија,[150] организирање на тркалезни маси

---

[149] Dusica Tomovic, „Српската црква упорно повикува за референдум за присоединувањето на Црна гора кон НАТО", Balkan Insight, 5 јануари 2016 г., http://www.balkaninsight.com/en/article/serbian-church-urges-montenegro-to-hold-referendum-on-nato-01-04-2016

[150] НСП (2015). „Новини за проекта за военен неутралитет на Сърбия". 17 октомври 2017 г., последно осъществен достъп на Декември 25, 2017 at http://slobodarski.rs/2015/10/17/fondacija-dostojanstvo-i-fond-gorcakov-dogovorili-zajednicku-konferenciju-o-aktivnoj-neutralnosti/

и конференции, посветени на руската „мека моќ"[151] како и помош за откривање на руски центри во српските академски институци.[152] Неколку српски политички партии, вклучувајки ги и оние кои не се учесници во актуелниот парламент кои претендираат за соработка со владеачката партија во Русија „Единствена Русија".[153] Русија го поттикна формирањето на секции на српски јазик во големите руски медиуми, често со опширни сегменти со политички прашања. После 2012 г. беше создадени повеќе портали за онлајн вести, кои што откриено ги бранат руските интереси во Србија. Меѓу највлијателните се „Нови стандард" (www.standard.rs), „Србин.инфо" (www.srbin.info), „ВаселенскаТВ" (www.vaseljenska.com), како и некои помали како „Газета" (www.vesti-gazeta.com), „Факти" (www.fakti.org), „Кремл" (www.kremlin.rs) и „Глас Москве" (www.glasmoskve.rs). Покрај тоа во 2015 г. руската новинска агенција „Спутник" отвори регионална дирекција во Белград. Во Србија „Спуник" работи на српски јазик преку својот интернет портал и радио програма и обезбедува бесплатни материјали за локалните станици, кои се широко користени. Еден од најголемите српски неделници „Неделник" содржи подлисток „R Magazin", издаван од рускиот весник „Росијскаја газета" во рамките на проектот „Русија надвор од насловите". Според јавното мислење, евидентна е заштитата на руските интереси, кое е видливо дури и во најпродаваните дневни весници – таблоиди како „Информер"[154] и „Српски телеграф".

Напорите за навлегување во повеќе слоеви на јавниот живот во Србија е видливо и од донацијата на „Гаспром" за српската православна црква во размер на пет милиони долари, искористени за мозаикот во храмот „Свети Сава". Овој проект е дел од сеопфатната програма на „Гаспром" за проекти од областа на културата и конзервација на историското наследство на Србија.[155] Активностите на руските организации и нивните српски медиумски партнери спаѓаат во неколку тематски области. Прво, овие медиуми ја поттикнуваат руската перспектива во областа на меѓународните односи, например како што велат дека сегашната криза во Украина ќе биде многу подраматична поради учеството на САД.[156] Или ја интерпретираат историјата преку призмата на Русија во духот на долгорочниот руско српски сојуз. Второ, тие се обидуваат да ги дискредитираат западните структури (НАТО и ЕУ) и

---

151 NSPM (2014). Округла маса, посветена на руската „мека сила". 15 ноември 2017 г., последно реализиран достап на 25 декември 2017 г. на адреса http://www.nspm.rs/politicki-zivot/meka-moc-rusije-u-srbiji-mogucnosti-i-perspektive.html?alphabet=l

152 Спутник (2017). Откривање на рускиот центар во Факултетот по политички науки во Белград. 16 декември 2016 г., последно реализиран достап на 26 декември 2017 г. на адреса https://rs.sputniknews.com/drustvo/201612161109269463-Centar-za-ruske-studije-FPN1/

153 Danas (2016). „Кои се сојузниците на партијата на Путин во Србија?". 26 декември 2017 г., http://www.danas.rs/danasrs/politika/ko_su_saveznici_putinove_partije_u_srbiji.56.html?news_id=321319

154 „Информер" (2017). Новини за оружје за Србија како подарок од Русија. 21 декември 2017 г., последно реализиран достап на декември 26, 2017 at http://informer.rs/vesti/srbija/361738/samo-u-informeru-putin-se-dogovorio-sa-vucicem-vi-cutite-a-mi-saljemo-oruzje

155 „Блиц" (2017). „Гаспром нефт" дава 4 милиони евра за мозајкот во храмот „Свети Сава"". 22 април 2016 г., последно реализиран достап на 6 декември 2017 г. на адреса http://www.blic.rs/vesti/drustvo/poceli-radovi-kompanija-"Gasprom-njeft-sa-4-miliona-evra-finansira-mozaik-u-hramu/ltwy1yz

156 „Спутник" (2017). Последни новости за евентуални војни активности на САД во Украина. 26 декември 2017 г., https://rs.sputniknews.com/rusija/201712261113945545-karasin-ukrajina-isporuka-oruzje-donbas/

тврдат дека овие институции им противречат на интерсите на Србија (например, тврдаат дека ЕУ ги поддржува „сепаратистичките групи" во Војводина)[157] и претставуваат закана за светскиот мир и стабилност. Трето, ја претставуваат Русија како најблизок сојузник на Србија, чии акции секогаш се совпаѓаат со српските интереси.[158] Ги нагласуваат општите аспекти од руската и српската историја, по конкретно борбата рамо до рамо за време на двете светски војни. Следно, тие ги критикуваат проевропските активности на Србија, и ја претставуваат земјата како постојано понижувана од ЕУ и САД, но и покрај тоа таа е решена да стане дел од ЕУ, на штета на српското општество.[159] Руските медиуми постојано ја потсетуваат публиката за минатите спорови и конфликти помеѓу Србија и нејзините соседи на Балканот, очигледно за да ја запрат Србија, од патот на европската интеграција и процесот на помирување во регионот.[160] Русија го користи својот моќен медиумски чадор, да ги оживее регионалните етнички конфликти, обвинувајќи го западот во мешање и обид за поттикнување на вознемиреност и во крајна мера промена на режими во регионот. Например, Русија се обиде да влијае врз резултатот од политичката криза во Македонија по изборите во април 2014 г., како упорно тврдеше, дека кризата е предизвикана од кампања финансирана од западот, против легитимната влада во регионот.[161]

Лавров ги поткрепи тврдењата на македонската влада, дека протестите во земјата се дело на надворешна манипулација.[162] Тој ја коментираше кризата уште од првите бранови на протестите во 2015 г., кога изјави дека Македонија е жртва на екстремизам и дека ќе биде поделена помеѓу Албанија и Бугарија. Подоцна, по изборите во декември 2016 г. Русија се фокусира на Платформата од Тирана за создавање на Велика Албанија. После 2015 г. изјавите на руското министерство за надворешни работи за Македонија станаа редовни. За да ја врати услугата на руската страна, македонската влада одби да се придружи кон санкциите на ЕУ и САД кон Русија после анексирањето на Крим, а во 2015 г. претседателот Иванов присуствуваше на парадата за Денот на победата во Москва, иако настанот беше бојкотиран од повеќето светски лидери.[163]

---

157 Вести.ру (2015). Тврдења, дека ЕУ и НАТО планираат создавање на нова држава Војводина. 16 февруари 2015 г., последно реализиран достап на 25 декември 2017 г. at https://www.vesti.rs/Evropska-Unija/DA-LI-JE-VOJVODINA-NOVA-INSTANT-DRZAVA-NA-BALKANU.html

158 „Србин инфо" (2017). Вести за засилувањето на врските помеѓу Русија и Србија преку војна соработка 16 декември 2017 г., последно реализиран достап на 25 декември 2017 г. на http://srbin.info/2017/12/17/putin-definitivno-salje-srbiji-s-300/?lang=lat

159 „Спутник" (2017). Вести за изнудување на Србија од страна на САД. 23 декември 2017 г., последно реализиран достап на декември 26, 2017 at https://rs.sputniknews.com/politika/201712231113918663-Hojt-Ji-nova-ucena/

160 „Србин инфо" (2017). Вести за евентуално Дејтон 2, што би можело да значи исчезнување на Република Српска (како дел од Босна и Херцеговина). 23 декември 2017 г., последно реализиран достап на 26 декември 2017 г. на адреса http://srbin.info/2017/12/26/sta-se-krije-iza-projekta-dejton-2-pandorina-kutija/

161 Marusic, Sinisa. (2016). „Груевски на Македонија и испраќа застрашувања", BalkanInsight, 17 декември 2016 г.

162 Холодни, Елена. „Кремаљ смета, дека масовните протести, кои ја тресат Балканската нација се надворешно дело со цел ранување на Русија", Business Insider, 20 мај 2015 г. последно реализиран достап на 11 ноември 2017 г. на адреса http://www.businessinsider.com/russia-lavrov-macedonia-protests-2015-5

163 Иванов стана доктор хонорис кауза на Рускиот академски институт за надворешни односи – МГИМО.

Недостатокот на слобода на печатот во Македонија и дозволува на руската пропаганда да проникне непречено во главните медиуми во земјата. Всушност провладините медиуми станаа инструменти на директна пропаганда. Македонските официјални претставници, вклучувајќи го и Груевски, често ја повторуваа содржината на „Спутник" збор по збор, т.е. јазикот, распространет од локалните медиуми беше одраз на истиот од руската новинарска агенција. Според извештајот од јуни 2017 г., изготвен од Проектот за известување за организиран криминал и корупција (ПИОКК) и неколку регионални и локални истражувачки организации Русија не ги има ограничено активностите во Македонија до дезинформација и официјални изјави. Во извештајот се цитираат документи, истечени од македонската контраразузнавачка служба, кои покажуваат, дека српското разузнавање участвувало во активности за поддршка на антизападни и проруски националистички групи.[164] Во него се открива како руската амбасада во Скопје спроведува пропаганда и подмолни активности од 2006 г., како и директното финансирање на македонски медиуми, вклучувајќи ги давателите на услуги од албанското етничко малцинство, за да ги претвори во извор на руска дезинформација.[165] Бирото на руското надворешно разузнавање (СВР) во Белград и бирото на воеското разузнавање (ГРУ) во Софија ги управувале операциите во Македонија. Русија создаде над 30 руско македонски културни друштва, сместени во рускиот културен центар во Скопје и отвори два конзулати во Охрид и Битола, за да собира разузнавачки информации.[166]

Освен за руските разузнавачи во протечените документи се споменува, дека новинари од државната агенција ТАСС и преставници на руската агенција за помош „Россотрудничество" работеле за врбувањето на македонски официјални преставниц.[167] Бирото на „Россотрудничество", отворено во Македонија во 2016 г. како резултат на меѓувладин договор од 2013 г., предвидува основање на руски културен и научен центар во Македонија.[168] Во извештајот на македонското контраразузнавање се одбележува исто, дека во април 2017 г. рускиот амбасадор директно им изјавил на повисоки службеници од македонското министерство на внашни работи, дека Русија има за цел да ги направи Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија во воен однос, неутрални земји и се пожалил, дека македонската влада не одговорила соодветно на поткрепата на Русија и заплашувал со економски и политички последици.[169]

Освен тоа Русија директно ги подржува проруските политичари во регионот. Преку подршката за Додик во неговта предизборна кампања во 2014 г. и во референдумот во 2016 г. за националниот празник на РС, Русија влијаеше на политиката на општествената единица и успеа

[164] ПДОПК (2017). „Протечени документи посочуваат руски и српски обиди за мешање во Македонија", 4 јуни 2017 г.

[165] Повторно таму.

[166] Повторно таму.

[167] Повторно таму.

[168] Вебсајт на бирото на „Россотрудничество" во Македонија, последно реализиран достап на 6 декември на адреса http://mkd.rs.gov.ru/ru/about

[169] Повторно таму.

да ја забави интеграцијата на Босна и Херцеговина во Евроатлантската заедница. Овие мерки дополнуваат други активности потпомагнати од Русија, кои допринесуваат за крајниот успех на Додик, на пример ветувањата за заеми без барања за реформи. Дури и кога внатрешните политички борби помеѓу етничките групи во Босна и Херцеговина не биле резултат од влијанието на Русија, Кремаљ се стремел да ги искористи и ги засили тие тензии, предизвикувајќи конфликти по прашања, поврзани со снабдувањето на гас во земјата, финансирањето на гасоводи, обезбедувањето на државни заеми и дури националните празници.

Во врска со последното прашање Русија го подржа референдумот од 25 септември 2016 г. за задржување на 9 јануари како национален празник на РС – денот, кога се одбележува основањето на општествената единица по време на војната во 1992 – 1995 г., независно од решението на Уставниот суд од 2015 г. за негова забрана, бидејќи е дискриминаторски по однос на несрбите. Два дена пред гласањето, на кое меѓународната заедница протестира, Додик се сретна со Путин во Москва, каде рускиот претседател му ја даде поткрепата за референдум. Гласаа повеќе од 55 проценти од избирачите, од кои 99 проценти од гласачите го подржаа предлогот. И покрај силната народна подкрепа Додик се повлече од првобитното свое барање за втор референдум, кој требаше да биде за независност.[170]

Во октомври 2017 г. Додик одново ги повтори приговорите на РС против присоединувањето на Босна и Херцеговина кон НАТО[171] и се заколна дека ке ја зачува воената неутралност на земјата – цел, која руската влада ја подржува.[172] Пред тоа истата година парламентот на РС донесе одлука во поткрепа на неутралитетот и започна процедура за спроведување на референдум за присоединување кон НАТО.[173] Во 2015 г. владата на РС се спротивстави на започнувањето на преговори за членство помеѓу Додик и ЕС, нарекувајки го тој чекор најголемо предавство после склучувањето на Дејтонскиот договор. И покрај тоа босанската држава даде молба за членство во јануари 2016 г. со оглед на предходното одобрување на двете општествени единици на предлогот за присоединување. Пресвртот во преговорите со ЕС настапи, бидејќи Додик неучествуваше во ниту една од тие одлуки.

После септември 2017 г. Додик продолжи со уште еден референдум, започнат најпрвин во 2015г., да ги поништи овластувањата на босанските државни судови и обвинителството. Добивањето на тој референдум ке ја

---

170 ВЕЧЕРНЕ НОВОСТИ. (2017).„Сакам РС да се оддели, но без никакви крвопролевања". 13 ноември 2017 г., реализиран достап до препечатениот материјал во B92 на 6 декември 2017 г. на адреса https://www.b92.net/eng/news/politics.php?yyyy=2017&mm=11&dd=13&nav_id=102786

171 Додик не секогаш е доследен. Во некои случаи давал изјави, дека владата на РС ке го подржи присоединувањето кон НАТО, само ако подкрепа за това биде дадена со референдум.

172 ТАСС (2017). „Република Српска од Босна и Херцеговина не сака да се присоедини кон НАТО". 26 октомври2017 г. последно реализиран достап на 16 ноември 2018 г. на адреса http://tass.com/world/972744

173 Повторно таму.

направи општествената единица фактички независна.[174] Но референдумот може да послужи и за дефокусирање од скандалот за корупција со недвижни имоти на семејството Додик. Досега Додик одбива директно гласање за независност, но не го исклучил, и изјавува, дека таков референдум не би довел до крвопролевање.[175] Во интервју за „Политико" тој изјави, дека за разлика од ЕС и САД Русија не „бара од него да прави невозможни нешта" а наместо тоа предлага „економска соработка".[176]

Всушност Русија е добра кон Додик. Во март 2014 г. тој доби награда од Меѓународниот фонд за единство на православните народи во Москва, неколку месеци пред изборите во РС. Се тврди, дека на истата посета Додик добил подароци за својата предизборна кампања.[177] Заради тоа не е за изненадување, дека Службата за контрола на странските активи во Министерството на финанси на САД го санкционира Додик за попречувањето во спроведувањето на Дејтонскиот договор и заплашување за територијалната целост и суверенитетот на Босна и Херцеговина.[178] Русија веднаш го искритикува решението на САД и силно го подржа Додик. Во мај 2017 г. Додик изјави, дека ЕС му прави притисок да се присоедини на санкциите против Русија. Досега РС успева да и попречува на Босна и Херцеговина да го примени режимот на санкции.

Во Србија, заедно со економските врски со споменатите погоре социјалистичка и народна партии, руските медиуми, локалните пропутински организации и руските високи раководители на политичко ниво ги подржуваат активностите на локалните крајно десни и евроскептични организации. Таа подршка доаѓа под формата на средби на високо ниво, јавни одобрувања или статии кои наведуваат, кои го оформуваат српското политичко пространство како целосно определено од битката за влијание помеѓу ЕС и Русија.[179]

Ненад Поповиќ од Народната партија, која е помлад коалициски партнер на Прогресивната партија на Вучиќ, се пофали за подршката од партијата „Обединета Русија" на Путин.[180] Освен тоа тој се оласи против интеграцијата на Србија во ЕУ, а во 2014 г. како заменик претседател на српскиот парламент јавно ја подржа анексијата на Крим от Русија.[181] За време на Економскиот форум во Санкт Петербург

---

[174] Kovacevic, Danijel. „Република Српска го одложува референдумот за судска власт", BIRN, 7 ноември 2017 г.

[175] MacDowall, Andrew. „Лидерот на босанската Српска република: без гласање за отцепување следната година", POLITICO, 3 јули 2017 г.

[176] Повторно таму.

[177] Bugajski, Janusz. (2015). „Москва ја подржува омразената босанска држава", Центар за анализ на европската политика, 3 август 2015 г.

[178] Пресцентар на Министерството на финансии на САД – „Министерството санкционира службеник на Република Српска за активно попречување на Дејтонскиот договор". 1 јануари 2017 г.

[179] Knezevic, Gordana. (2016). „Србија и претстојните руски предвидувања". Радио „Слободна Европа", 29 април 2016 г., последно реализиран достап на 19 декември 2017 г. на адреса https://www.rferl.org/a/serbia-self-fulfilling-russia-prophecies/27707245.html

[180] Повторно таму.

[181] РТ (2014). „Путин потпишува наредба за признавањето на Крим за суверена независна држава". 17 март 2014 г., последно реализиран достап на 4 декември 2017 г. на адреса https://www.rt.com/news/russia-recognize-crimea-independence-410/

во јуни 2017 г. Попович изјави, дека Србија би требало да ги зајакне економските врски со Евразискиот економски сојуз – регионален проект за интеграција, раководен од Русия.[182]

Проширувањето на воената соработка помеѓу Русија и Србија дополнително го зајакнува руското финансиско и политичко присуство во регионот. Најкарактеристично е дека Русија донираше шест авиони МиГ-29 втора рака, и обеќа исто да испорача 30 тенка Т-72 и 30 оклопни транспортери (БТР).[183] Вучиќ разговараше за неопходноста од испорака на произведени во русија зенитни ракети S-300[184] и информира за разговори со руската одбранбена компанија „Рособоронекспорт" за испорака на шес многу функционални хеликоптери Ми-17 освен двата, доставени во јуни 2016 г.[185] И покрај медиумското внимание на овие случувања, меѓутоа, решението на Русија да и достави на Србија оружје и воена опрема не треба да се разбира како сериозен пресврт во стратешките односи.

Според изјавите на српски политичари двете земји би сакале да ја прошират соработката, вклучувајки и заедничко производство на муниција и оружје преку директна соработка на рускиот воено индустриски комплекс со српски фабрики, се додека последните станат способни да произведуваат и изнесуваат делови за рускиот пазар.[186] Наводните намери на Русија за соработка во оваа област сепак се контаверзни, бидејки руската воена индустрија е една од најрентабилните во земјата и нема причини да биде извезувана зад граница. Поверојатно е Русија да пројави интерес за заедничко производство на оружје, само ако Србија може да обезбеди пазари за таа стока и услуги на други места, специјално во Западниот Балкан и во Централна и Источна Европа и дури во Блискиот исток, каде што се уште масовно се употребува руска военна техника.

Руското политичко влијание меѓутоа е нај агресивно во Црна Гора, а не во Босна и Херцеговина или Србија. Откако во 2014 г. црногорската влада ја објави својата цел за присоединување со НАТО и ги прими санкциите на ЕС против Русија заради анексирањето на Крим, руската влада ја промени својата дecениска политика за градење блиски врски со малата јадранска држава. Таа превзеде активности за недопуштање на членство во НАТО, специјално со поткрепа на етно националистичките групи, чии политички платформи противоречат на западните либерални

---

[182] Alo. (2017). „Лидерот на СНП Попович во Русија: Забрзајте го интеграцискиот процес". 1 јуни 2017 г., последно реализиран достап на 4 декември 2017 г. на http://www.alo.rs/popovic-ubrzati-proces-integracija/109627

[183] Повторно таму.

[184] РТ (2017). „Србија сака да купи зенитни системи S-300, разговара со Русија и Беларусија – претседател". 16 април 2017 г., последно реализиран достап на 4 декември 2017 г. на https://www.rt.com/news/384950-serbia-s300-russia-belarus/

[185] „Газета.ру" (2017). „Србија води разговори со Русија за купувањето на шес хеликоптери Ми-17", 2 декември 2017 г. последно реализиран достап на 4 декември 2017 г. на адреса https://www.gazeta.ru/army/news/10888412.shtml

[186] Спутник. (2017). „Амбициозни планови: Србија одбранувачка п"Ambitious Plans: Serbia Ramping Up Defense Production." May 1, 2017, последно реализиран достап на Декември 4, 2017 at https://sputniknews.com/europe/201705011053162269-serbia-defense-production/

вредности.[187] Рускиот вицепремиер Дмитри Рогозин отиде дури уште подалеку, изјавувајќи, дека Црна Гора ќе зажали за своето членство во НАТО.[188] Во 2015 и 2016 г. беа проведени неколку состаноци на црногорската антинатовска опозиција со руски високопоставени лица, а преставниците на опозициската црногорска партија учествуваа во собирање на антинатовските партии од Западниот Балкан во Москва за време на конгресот на „Обединета Русија" во јуни 2016 г.[189] Тие потпишаа декларација со цел на создавање на воено неутрална зона на Балканот.[190] И покрај тоа во јуни 2017 г. Црна Гора се присоедини на НАТО.

Црногорската влада ја обвини Руската федерација за мешање во парламентарните избори во 2016 г. со цел за насилно отфрлање на владата со помош на Демократскиот фронт (ДФ) – најсилната опозициска коалиција во Црна Гора. Како Русија, така и ДФ ги отфрлија тие обвинувања, а ДФ изјави, дека државниот преврат е инсцениран од управувачката партија и дека сите обвинувања се политички мотивирани.

Заговорот веќе е објект на судски процес во Црна Гора. Обвинителниот акт[191] вклучува 14 обвинети. Среде нив се руските граѓани Едуард Шишмаков и Владимир Попов, пензиониран генерал од полицијата од Србија и бившиот командир на српската Жандармерија Братислав Дикиќ, како и двајца водечки политичари и пратеници од ДФ – Андрија Мандиќ и Милан Кнежевиќ. Стана јасно, дека еден од заговорниците е член на руското воено разузнавање (ГРУ) и бивш заменик воено аташе во руската амбасада во Полска, објавен за *persona non grata* и протеран од Полска за обвинување за шпионажа.[192]

Според државното обвинение, ДФ учествувал во шемата за перење на пари во време на предизборната кампања во 2016 г., во која, како што се тврди, ДФ добил средства со незаконско потекло од Русија преку офшорни сметки, испратил мали суми од тие средства на физички лица и после тоа ги добил средствата обратно под формата на донации за ДФ.[193] Службата на Специјалниот државен обвинител започна истражување на финансирањето на ДФ, а досега се подигнати

[187] Bellingcat. (2017). „Сомневања за врска на превратот во Црна гора со поткрепа од Русија ултранационалистичка организација", 25 април 2017 г., последно реализиран достап на 20 ноември 2017г. на адреса https://www.bellingcat.com/news/uk-and-europe/2017/04/25/montenegro-coup-suspect-linked-russian-backed-ultranationalist-organisation/

[188] Rogozin: Crna Gora će zažaliti zbog odluke da pristupi u NATO, Vijesti, 12 јануари 2016 г., http://www.vijesti.me/vijesti/rogozin-crna-gora-ce-zazaliti-zbog-odluke-da-pristupi-u-nato-869751

[189] Преставници на проруските партии од Србија, Црна гора, Босна, Македонија и Бугарија присуствуваа на конгресот на „Обединета Русија".

B92. (2016). „Партијата на „Путин" „обезбедува безбдност" на Балканот: суверенитет и неутралитет". 28 јуни 2016 г., последно реализиран достап на 4 декември 2017 г. на адреса http://www.b92.net/eng/news/world.php?yyyy=2016&mm=06&dd=28&nav_id=98445

[190] Повторно таму.

[191] http://tuzilastvocg.me/media/files/Kt-S_br_271-16.pdf

[192] „Русија поврзана со заговорот за преврат на денот на изборите во Црна гора", SkyNews, 21 февруари 2017 г., http://news.sky.com/story/russia-linked-to-election-day-coup-plot-in-montenegro-10775786

[193] IntelliNews. (2017). „Истрагата за обидите за перење на пари во прорускиот Демократски фронт на Цррна гора продолжува", 31 август 2017 г.

обвинувања против лидерот и пратеник – Небојша Медоевиќ – и редица активисти на ДФ за овозможување на незаконско финансирање на партијата.[194]

[194] http://www.tuzilastvocg.me/media/files/ZAHTJEV%20SKUPSTINI%20.pdf

# ПРЕПОРАКИ ПО ОДНОС НА ПОЛИТИКАТА

Во последната деценија економското влијание на Русија во четирите земји од Западниот Балкан, кој е предмет на анализа во овој извештај, видно расте во апсолутна смисла. Руски фирми инвестирале близу 2.5 милијарди евра во четирите земји, половината од кои во Црна Гора – центар на руските инвестиции во недвижни имоти и туризам. Русија се претвори од периферна економска сила во еден од најзначајните играчи во регионот. Сепак, руското присуство како дел од економијата стагнира, наспроти растежот на четирите економии. Приходите на руските фирми како дел од вкупните приходи во четирите економии се помеѓу 6.5 и 10 проценти, а рускиот корпоративно присуство е концентриран во стратешките сектори како енергетика, банки, рударство и недвижни имоти. Иако корпоративното присуство на Русија во Србија е најзначајно, до повлекувањето на Дерипаска од алуминиумскиот комбинат „КАП" во Црна Гора во 2013 г., близу една третина од економијата на земјата се наоѓаше под директна и недиректна контрола на компании, кои се руска сопственост. Дури денес руските ДСИ во Црна Гора завземаат дел од близу 30 проценти од годишниот БДП.

Руските државни и приватни енергетски компании доминираат во нафтениот и секторот за гас во регионот. Тие добија влијанија преку серија од приватизациски зделки за профитабилни активи како српските фирми „НИС" и „Беопетрол", рафинеријата во Брод во Босна и Херцеговина и Топлофикација Скопје во Македонија. Три држави – Босна и Херцеговина, Македонија и Србија – остануваат скоро целосно зависни од испораките на руски гас, кое му дозволува на „Гаспром" да наплаќа едни от највисоките цени за гас во Европа. Руските фирми се користат и од затвореноста на регионалните пазари за нафта и гас, за да ја зацврстат својата доминантна позиција. Освен тоа Русија ги обврзува регионалните влади со крупни енергетски проекти, како гасоводот „Јужен поток", кои многукратно го надвишуваат неговиот административен капацитет. Тие проекти не само ги заобиколуваат усилбите на владите од Западниот Балкан за диверзификација на набавките, но и ги изложуваат на огромни финансиски ризици.

Нетранспарентните приватизациски процедури, во кои оценката на активите очевидно не се заснива на објективни економски анализи, им дозволија на руските претпријатија да го рашират своето економско присуство во клучни сектори во регионот. Во повеќето случаи руските инвеститори не ги исполнија условите на договорите за приватизација, што доведе до загуби, како за даночниците, така и за државниот буџет. Меѓувремено преференцијалното регулаторно третирање, вклучувајќи даночни режими и енергетски субвенции, им дозволуваат на руските компании да направат огромни профити, да го прошират својот удел на пазарот и да не плаќаат скоро никакви даноци.

За да ги искористи тие пропусти во управувањето на Западниот Балкан, Русија завладеа клучни локални влијателни лица, предложувајќи им спонзорирани од државата бизнис можности со многу висок поврат. Тие посредници од своја страна ги искористија дополнителните бизнис можности или руската поткрепа за своите политички цели. Во целина концентрацијата на власт во мали и влијателни политичко економски мрежи во Западниот Балкан создава слаби алки, кои Русија може да ги користи, за да влијае на донесувањето на одлуки.

Како заклучок, за да го засили ефектот на својот економски отпечаток, Русија има развиено голем број на традиционални алатки на „мека сила", вклучувајќи медиумско присуство, подршка на проруски локални организации на граѓанското општество и политички партии и политички посети и изјави на високо ниво. Овие инструменти беа употребувани за поткрепа како на владите, така и на опозициските групи, во зависност од тоа, што одговара на целите на Русија. Во Македонија руската мека сила допринесе за поткопување на легитимноста на антикорупциските протести на граѓанските организации, додека во Црна Гора таа и помогна на опозицијата да ја осудува евроатлантската надворешна политика на владата. Во Босна и Херцеговина руската политичка поткрепа за Додик и РС ја продлабочи внатрешната поделба, како на економскиот, така и на политичкиот фронт и успешно ја забави земјата на нејзиниот пат на присоединување кпн НАТО и ЕС. Во Србија Русија вешто ги спојува политиката и бизнисот, за да добие преференцијално третирање не само во енергетскиот сектор, каде ја искористи својата подршка за српската позиција против независноста на Косово, да се здобијат со некои од најголемите компании во земјата, но исто и во железниците, банките и одбраната.

**Врз основа на наодите од овој извештај, исполнување на следните препораки може да ги неутрализираат негативните ефекти од руското влијание во Западниот Балкан:**

- Диверзификација на изворите на странски директни инвестиции и избегнување на прекумерното потпирање на капитал од авторитарни држави, концентриран во еден или два сегмента.
- Подобрување на корпоративното управување на државните енергетски компании во регионот, кои се во ризик од декапитализација поради долгорочни зделки, кои обезбедуваат преференцијално третирање на клиенти со овозможен специјален статут.
- Одвојување на управувањето на државните енергетски компании од политичките партии. На предлог на Владата, Парламентите треба да одобруваат професионални менаџери, за да се гарантира независноста на кандидатите од надворешен притисок.
- Укинување на енергетските субвенции кои го деформираат пазарот, кои ги доведуваат државните снабдувачи во огромни финансиски тешкотии и ги прават уште позависни од увозот од еден единствен снабдувач.
- Конечно воведување и спроведување на правото на ЕС во областа на енергетиката со цел обезбедување на поделбата на пренос и снабдување со природен гас и електроенергија и промовирање на

тој начин на полна либерализација на енергетските пазари.

- Давање на мандат на националните антимонополски органи за изготвување на редовни (во најдобриот случај) двогодишни оценки на состојбата на пазарите со значајно економско присуство од авторитарни држави.
- Постигнување на подобар регулаторен квалитет и економско управување преку постојано ангажирање, помош и инвестиции од страна на САД и ЕУ. Ниту една од земјите од Западниот Балкан сама не е на нивото на ресурсите на руските фирми, а посебно помаганите од Кремљ.
- Пред да го одобрат спојувањето или освојувањето, антимонополските власти треба да ги набљудуваат фирмите за можен ризик од пазарна концентрација, поврзан со туѓи инвеститори, чиј краен ефективен сопственик е скриен зад мрежа од офшорни субјекти.
- Гарантирање, дека сите инфраструктурни проекти ги исполнуваат националните одредби за транспарентност и конкурентни аукциски процедури и се предмет на независна анализа на трошоците и придобивките.
- Зајакнување на агенциите за приватизација и постприватизациона контрола преку назначување од парламентот на персонал кој е независен од политичкото влијание.
- Елиминирање на приватизациските аукции со еден учестник за активи над еден милион евра во стратешки економски сектори, а со цел на избегнување на корупција и директно договарање зад сцената со предходно одобрени инвеститори.
- Подобрување на истражниот капацитет на агенциите за финансиско разузнавање, даночните администрации, институциите за борба со перење на пари со цел на утврдување на крајниот ефективен сопственик на туѓите инвеститори и превенција од перење на пари.
- Зацврстување на банкарскиот надзор и надзор на финансиските пазари со цел разоткривање на системски ризици, поврзани со концентрацијата на портфолија за позајмување во стратешките сектори.
- Создавање на прозрачни и достапни за корисниците бази на податоци на странските инвестиции во компании и недвижни имоти со цел подобрување на следењето на операции за перење на пари и содејство за откривање на незаконски парични текови во земјата.
- Проширување на опфатот на податоците на централните банки и вклучување на странските инвестиции и корпоративна сопственост, бидејќи моменталните статистички податоци се неконзистентни, неактуелни и со ограничен опфат, за да дадат една пообјективна оценка на приливот на странски капитал.